СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 1998 година

Скопје, јануари 1998 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 84-та СЕДНИЦАНА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.I. 1998 год**

ДИСКУТАНТИ:

1АЈДАРЕГА ФАЗМЕНД – 13
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 9, 12
3. БЕЏЕТИ АБДУЛМЕНАФ – 70, 96 (мин.за сообр.)
4. БАЈРАМ АМДИ – 111
5. ИБРАИМИ САМИ – 33
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 2, 5, 8, 12, 30, 39, 46, 48, 56, 57, 80, 85, 101, 104
7. КАДРИУ ЗЕКИР – 24, 105
8. КАРОВ ИЛИЈА – 59, 66
9. ЛАЗАРОВ КОВАН - 63
10. МИНОВ ПАНЧО – 49, 50, 73, 79
11. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ – 26, 67
12. ПЕТРУШЕВСКИ БЛАГОЈА – 64, 67, 68, 69 (прест:на Влада)
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1.. (води седн.)
14. ПАВЛОВ БОРИС - 7
15. РАМАДАНИ САЛЛИ – 16, 19, 20, 21, 22, 23, 27, 28, 29, 32, 35, 42
16. РАМАДАНИ ХИСЕН – 107, 111
17. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈ - 27
18. ТРАЈКОВ МИЛЧО – 22, 23
19. ТАИРИ МЕВЉАН - 6
20. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 38
21. УНКОВСКИ СЛОБОДАН – 2, 5, 8, 9, 16, 18, 19, 20, 29, 30, 32, 34, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 44
22. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА – 5 (води седн.)
23. ШАКИРИ ХИСНИ - 25
24. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 89, 94
25. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 51 (мин.за надв.раб.)

Дневен ред:

Точка 2,стр.1 –Пр.на Законон за Македонски јазик.
Точка 3,стр.45 –Пр.Зак.за скл.Ратификација на Меѓун.До.
Точка 4,стр.58 –топографија..
Точка 5,стр.59 –контр.на змј.п
Точка 6,стр.70 –МРТ-јавно претпр.

-СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република** Македонија, одржана на 22 јануари 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,45 часот.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 84-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Продолжуваме со работа по точката_2_. - Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик.

Го заклучив општиот претрес по Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менување на став 2, член 3, за менување на член 4, член 8, став 2 и член 10 став 2, член 9 став 1, алинеја 1, член 11 став 3, член 13 став 1 и на член 14 став 3 со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 8 став 2 и член 10 став 2, член 9 став 3 и на член 14 став 3 со се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Мирко Трипуновски поднесе амандман на член 5 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

I/2 пј/вц

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандман на називот на Предлогот на законот на член 1 за менување на став 1, член 1 став 2, член 1 за менување на став 3, член 2, став 2 за бришење на член 3 и 4, член 5 став 1 за менување на алинеја 1, член 6 став 1, член 7 став 1, член 7 став 3, член 3 за менуваше на став 5 за бришење на членовите 8 и 9, член 10 за менување на став 1, член 10 за менување на став 3 и на член 11 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Сами Ибраими, Хисни Шаќири и Зеќир Кадриу поднесоа амандмани на член 1 став 1, член 2 став 2, член 3 за додавање нов став 2 и на член 5 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на предлогот на законот поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има г-дин Унковски, министер за култура.

**СЈТОБОДАН УНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, пратеници, амандманот 1 на називот на законот не се прифаќа бидејќи поимот заштита според нашето разбирање е опфатен со поимот употреба, а јавната употреба се обезбедува со член 7 став 1 од овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали друг бара збор?

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа, јас вчера не се јавив во општата расправа

по овој закон, затоа што дискутирав пред неколку месеци кога беше претходната фаза од неговото донесување и тогаш ја дадов својата поддршка за неговото донесување, дури и оценката дека доцниме со предлагањето и донесувањето на овој закон, имајќи го предвид континуитетот дека уште во 1989 година стариот делегатски состав на Собранието на РМ расправал за оваа проблематика. Доставив еден поголем број на амандмани кои изразуваат размислување и расположение на еден круг на луѓе на ЛДП кои се занимаваат со оваа проблематика и на неколку независни стручни лица од областа на културата меѓу кои и доктори на науки, некои раководители на институции од национален карактер од оваа проблематика, со кои сакавме да направиме еден обид за квалитетно подобрување на самиот текст на законот.

Првиот амандман се однесува на називот на законот. Ако се има предвид каков назив предложи министерството односно Владата во првата верзија од законот, тогаш името на законот беше Предлог закон за македонски јазик, за сега да се трансформира во Предлог закон за употреба на македонскиот јазик, укажува на тоа дека ни самото министерство односно Владата нема цврст став околу тоа каков треба точно да биде називот на законот. Според мене називот на законот треба да соодветствува и да одговара на содржината која ја третира односно целта што сака да ја постигне со одредбите кои следуваат понатаму во текстот на законот. Оттаму според мене нејасен е самиот текст односно називот на законот, затоа што не соодветствува на содржината и на целта што сака да ја регулираат во/ понатамошниот текст на законот, затоа што вака како што е даден називот може да алудира на одредено ограничување на употребата на македонскиот јазик. Според мене овој закон треба да се однесува на употребата на македонскиот

јазик при јавна комуникација, значи во јавна употреба. Никој не може со закон да ми наложи мене дома или на било кој друг граѓанин како ќе комуницира. Дали ќе комуницира на кавадаречки, на штипски и тн. па скоро во сите земји е дозволено да се пишуваат и литературни текстови на дијалекти да се играат драмски претстави и да се пишуваат други дела на јазици на дијалектите на постојниот службен јазик во државата за која се однесува. Јас мислам дека и самиот назив е една од причината за незадоволството кое се јави кај еден дел од пратениците од демократската партија на албанците и ПДП и нив ги мотивираш да се трудат да се прошири опсегот на овој закон, за да ја опфати заштитата на јазиците на националностите во Република Македонија, затоа што самиот назив за употреба на македонскиот јазик ги мотивира да се сомневаат дека ќе бидат запоставени останатите сегменти за заштита на јазиците на националностите во Република Македонија.

Исто така, сметам дека некои работи кои се ставени во првиот член односно и во самиот назив на законот не соодветствуваат со неговата содржина. Затоа што се употребуваат термини заштита, унапредување и збогатување, а во суштина со самиот закон во еден член се кажува за јавната односно за употребата на македонскиот јазик, а додека поголемиот дел на одредбите се во суштина одредби кои зборуваат за неговата заштита од туѓи влијанија итн. Додека скоро никаде не станува збор што подразбира предлагачот на законот под унапредување и збогатување на македонскиот јазик. Тоа мислам дека е еден голем недостаток на овој закон. Натаму барам поддршка од пратениците за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Господин Унковски.

I/5

Мислам дека тука навистина не се работи за заштита, туку за употреба на јазикот на одредени начини, во одредени средини, во одредени медиуми итн. како што е објаснето во законот. Од една страна барате да се брише член 3, кој што дава право на користење на дијалекти и сите други работи, ќе го цитирам, одредбите на овој закон не го ограничуваат правото на слободно творештво и на развивање на културниот јазичниот и верскиот идентитет на граѓаните. Значи тоа би било кавадаречки, штипски итн., барате тој член да се брише, а не обвинувате дека ограничуваме. Навистина повеќе што да додадам освен она претходно што реков. А за доцнењето, ве молам, ако велите од 1989 година ова Собрание исто така имаше можност да направи нешто во таа смисла, па и вие лично. Ние за овие две години го правиме овој закон и го даваме на јавноста и мислам дека навистина треба да го истуркаме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот КОцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

За предлогот да се брише членот 3 ќе зборуваме подоцна, меѓутоа, кога веќе го спомна министерот самото тоа што се предлага измена во називот на законот и законот да се вика Предлог закон за јавна употреба односно за заштита на употребата на македонскиот јазик во јавна комуникација подразбира дека во членот 3 отпаѓа затоа што е спротивставен. Ако во називот на законот се каже дека е за јавна употреба, тоа значи дека во приватна употреба во домашна атмосфера нема потреба тоа да се одредува со закон. Едно со друго т е поврзано така што предложените амандмани треба да се гледаат во континуитет.

Според мене ќе завршам со тоа суштината на овој закон би требало да биде донесување на законски одредби со кои ќе се овозможи македонскиот јазик не литературен туку стандарден да се заштити од влијанието на другите доминантни јазици во светот, како што е англискиот, поради компјутеризацијата и неговата масовна при- мена во масовната комуникација како и на заштита од влијанието на соседните јазици, како што е српскиот, бугарскиот итн., а додека употребата на македонскиот јазик во суштина е одредена со Уставот на Република Македонија и не гледам некоја голема потреба да се нос посебен закон со назив за употребата на македонскиот јазик. Тоа само по себе се подразбира. Значи, ние досега нелегално сме го употребувале македонскиот јазик затоа што немало закон со кој сме кажале дека кг што се тука одредбите од член 5 во кои институции треба да се употребува, трговски друштва, претпријатија, називи на упатства, акцептни налози и тн. Самото по себе се подразбира.

Мислам дека целта и суштината на овој закон треба да биде да донесеме законска рамка со која ќе овозможиме да се заштити мак- донскиот јазик од негативните влијанија и од агресијата што се врши врз него.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Излегувам на говорница да го подржам амандманот и да укажам дека поради промената на целата концепција на овој закон ние пратеници албанци нема да го гласаме овој закон, затоа што сметам дека би можел да добие наша поддршка кога би останала прво- битната. намена, која што беше промовирана за заштита на македонски( јазик. Додека вака како што е предложено со овој закон сметам дека

Министерството за култура оди премногу далеку, односно навлегува во свера која што не и припаѓа по вокација. Сметам дека ова прашаше во најмала мера доколку веќе има намера Владата или сите ние како пратеници да го уредиме, би требало да потпадне под уредување од страна на Министерството за правда. Во никој случај со ова прашање да се занимава министерството за култура. Затоа што со самиот закон се навлегува во свера на употреба на јазиците. Ако влегува веќе во таа сфера во никој случај не може парцијално да се решава ова праша бидејќи би требало комплексно, имајќи ги предвид и сите други јазии кои што се во употреба во Република Македонија.

Уште еднаш повторувам дека самата смена на концептот на овој закон предизвика наша реакција каква што имате и ние нема да подржиме ваков закон каков што е предложен.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Павлов има збор .

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас излегов на говорница да кажам дека сум против амандманот. Сум за тоа, практично насловот на законот да биде така како што е даде затоа што со самиот факт, ако кажеме како и каде. треба да се употребува македонскиот јазик односно стандардите и литературниот јазик, очигледно е дека на тој начин практично јазикот се штити. Мислам дека нема никаква потреба од измена на називот, туку називот треба да остане таков каков што е предложен во законот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Бидејќи изгледа не водиме расправа по амандмани туку генерална расправа, дозволете да кажам дека никогаш не била намера да се прави закон за заштита на македонскиот јазик од ова министерство. Второ, дека апсолутно сметам Министерството за култура е компетентно одговорно и има задача да се грижи за македонскиот јазик и за неговата употреба. Жал ми е ако се разбира ако овој закон на било кој начин ги ограничува правата и можностите на изразување на другите националности што живеат во Македонија, но тоа не е цел и тоа не го пишува во законот. Меѓутоа, не може да има во Македонија фирми, називи на компании, имиња на јавни информации итн. каде што се употребува неправилен јазик. Тоа директно не води во губење на идентитетот. Освен јазикот и културата оваа држава нема други свои гаранции. Зборувам за еден дел од населението, значи за еден поголем дел од населението. Според тоа, ништо ново не можам да додадам, ниту пак да прифатам промена на називот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г.динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Веројатно, слично размислуваме, меѓутоа, се разбира за некое големо недоразбирање. Според мене, Уставот на Република Македонија како највисок акт на нашата држава јасно го определил службе ниот карактер на употребата на македонскиот јазик. Тоа подразбира дека секаде во јавна употреба во Република Македонија е македонскиот стандарден јазик. Ние без разлика, колку да се обидуваме со еден член да кажеме тука дека на сметкопотврди или на титлување ќе се употребува, а се подразбира само по себе, затоа што службен јазик

во Република Македонија е македонскиот јазик. Законот има смисла само ако се донесува заради заштита од злоупотреби односно заради правилна употреба и агресијата што се врши врз него. Инаку која би била смислата ние, ако сакате, употребата е кажана само во еден член Не е тоа суштината на законот. Суштината треба да биде како да најдеме поефикасни мерки да го заштитиме македонскиот стандарден јазик. А се знае дека на јавни натписи на фирми, на автобуси и секаде се употреба стандарден македонски јазик. Навистина, не ми е јасно.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали друг бара збор? Г-динот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Елементот на заштита е внесен во законот и тој постои. Ние велиме заштитува, унапредува итн. Така, тој елемент е присутен во законот, меѓутоа, не е доминантен и нема за што да биде доминантен. Ние мораме да создадеме некои норми по кои што ќе се однесуваме. Во Скопје има имиња, на пр. прво што ми паѓа на памет такси компанија "Плава лагуна". Или не знам има цела една низа на фирми што не се на никаков јазик каде не е регистрирана марка, значи друго е Мекдоналдс како марка, а друго е да речеме Грга во центарот на градот во центарот на Скопје, фирма која што стои на латиница. Тоа не може да биде. Во оваа земја не.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Биљали бараше збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници и јас сум тука излезен за да го поддржам амандманот на г-динот Аце Коцевски

од принципиелни причини. Ми се чини дека од првобитниот предлог што беше изнесе пред работните тела и Собранието на Република Македонија предлогот сега што ни се нуди е радикално изменет и веќе не се работи за првобитната идеја македонскиот јазик да се заштити како литературен јазик односно да се заштити, унапредува и збогатува литературниот македонски јазик, сега ни се нуди нешто сосема ново односно службена употреба на македонскиот јазик во државната админи-трација и во другите сегменти на општеството што не е цел и не се уредува со закон каков што е овој. Вчера кажа и координаторот на ПДП дека воопшто немаме против ваков закон со кој што ќе се заштитува македонскиот литературен јазик, меѓутоа, да се уредува материја која што не може да се уредува со овој закон, тоа е недозволива и против уставна е, односно оваа материја што се нуди сега се уредува со закон за државна администрација или со закон на органите на управа Досега не е донесен тој закон и изгледа на мала врата сака тоа да се надополни со ваков закон. Ви кажувам дека ние ако усвоиме ваков закон нема теорија таков закон да живее во пракса од повеќе причини односно ние во Македонија имаме околу 70 илјади фирми и претпријатија. Потоа, огромна државна администрација со огромни поединечни, посебно поединечни правни акти и управни акти и се поставува прашањето колку лектори треба да примиме на работа за да се покрие целокупната работа која се предвидува да се покрие со овој закон.

Според некои проценки ние имаме шанси и по втор пат ка- жувам да постанеме држава на лектори од причина што ќе ни биде потребно да примиме повеќе од 10 илјади лектори затоа што ниеден

I/11

акт со кој службено ќе се комуницира од било кое претпријатие или субјект не може да се пушти во правен промет ако не е лекториран, бидејќи следуваат многу остри санкции. Кажав дека нема теорија Законот да заживее и сметам дека, овој предлог е идеја на научници или квази научници кои сеуште неможат да се ослободат од национал патриотизмот и на штета другите ќе платат.

Замислете ги тие претпријатија кои едвај собираат средства, минимално да ги плаќаат своите работници, просечно секое претпријатие дури и мало претпријатие треба да одбори месечно 1000 марки за да им плати на лекторите или ако има среќа посебно лице да има за лектор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Не можеме и нема теорија да напаривме нешто паметно, попаметно, со овој Закон бидејќи само да ги иритираме што сметаат дека не е интерес и на парламентарното мнозинство кое е присутно во оваа сала.

Второ, ние сме на пат да промовираме нови стандарди во меѓународната комуникација, односно Уставот на РМ не предвидува дека треба да се донесе посебен закон за службениот јазик, македонскиот јазик, туку за јазиците на националностите и тоа за ставот 2 и 3 во однос на членот 7. И, фактички, ние сега место со закон да ги заштитиме јазиците на националностите така што како што предвидува Уставот на РМ ние сме уникат земја, го заштитуваме јазикот на мн зинскиот народ.

При изработката на овој текст сметам дека воопшто не се земени во предвид некои важни начела односно меѓународни конвенции кои се дел од нашиот внатрешен поредок особено рамковната конвенција ве молам прочитајте ги добро членот 10 и членот 11 став 2 и 3 па ќе видите дека вашиот предлог е сосема спротивен на тие конвенции кои се наша обврска.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Мислам дека исправноста на моите тези министерот ги потврди со изреченото при последното излегување. Јас во потполност се согласувам со него. Впрочем Уставот на РМ јасно кажал дека во Македонија службен јазик е македонскиот јазик, а во единиците во локалната самоуправа каде што во значителен број или во мнозинство живеат

II/2

припадниците на националностите во службена употреба се и јазиците на националностите. Тоа значи и таму е службен јазик македонскиот јазик .

Злоупотребите за кои вие зборувавте кои навистина ги има многу се должат на тоа што надлежните судски органи и надлежните државни инспекциски органи не си ја вршеле во изминатиот период работата така како што треба. Има безброј фирми и претпријатија кои успеале да се регистрираат во судскиот регистар на претпријатие со странски имиња, со имиња напишани на латиница, со нелитературни, нестандардни зборови кои се употребени, а сепак некој во судот ги регистрирал. Значи од судот требало да ги):вратат на доработка нивните документи за да може да ги регистрираат. Исто така проблем е на инспекциските државни органи кои овозможуваат можеби повеќе од половина фирмите во Скопје да имаат некои англиски интересни зборов! за да звучат поинтересно, а да не зборувам за западна Македонија ка; што масовно фирмите и натписите се на албански јазик наместо на македонски јазик.

И заради тоа сметам дека суштината на овој закон затоа што Уставот точно ја кажал службената употреба на македонскиот јазик треба да биде заштитата на македонскиот јазик од такви злоупотреби и не рационални употреби.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, почитува) министре и останати,

Мислам дека амандманот што е тема на разговор овде, сега на оваа седница заслужува внимание, не заради тоа што да речам дека

е даден од еден пратеник од опозицијата, туку повеќе од аспект на неговото суштинско,правилно разбирање.

Мислам дека Уставот на РМ дал доволно аргументи односно дал јака одбрана на примената на македонскиот јазик. И, тоа што сега се прави со донесувањето, со предлагањето на овој закон мислам дека чини едно големо зло на македонскиот јазик. Некој, сигурно, со право ќе каже кое е тоа зло. Ако ни е целта ние да донесеме закон само заради донесување, само заради тоа да кажеме на другите дека еве ние имаме закони и со тоа ја заштитуваме односно ја насочуваме правната употреба на македонскиот јазик, сосема е во ред, префаќам.

Меѓутоа, ако ние поаѓаме од неговата практична примена јас сум убеден не само денес туку додека сум жив дека овој закон не ќе може правилно и целосно да се применува во РМ. Многу сум дециден, сум дециден затоа што ја познавам практиката не само наша, туку и надворешната практика. Крка или Кока-кола или Мегдоналд и натаму ќе бидат такви какви што се. Јас го разбирам министерот кога вели дек тие се заштитени. Сите ќе бидат заштитени, па што ќе правиме тогаш. Дали ќе бидеме во состојба. Секоја организација од свој аспект, од својот домен своите работи ќе ги заштити. Што ќе правиме тогаш? Како ќе го примениме? Јас сум 1000% убеден дека ние не ќе можеме тие натписи кои се на познати фирми да ги избришеме и покрај тоа што ние ќе сакаме. Ќе правиме проблеми,. меѓутоа фактички практично ништо нема да имаме од тоа. Затоа треба да бидеме свесни што правиме Не треба да се оди со глава во ѕид. Заштитата на македонскиот јазик, неговата употреба е строго, точно утврдена во Уставот на РМ. Зашто сега правиме непотребни работи, па да ја кажам и онаа забелешка што беше ставена од другите дискутанти дека едно предлагаме со предлогот за донесување на закон, друго чиниме со Предлог законот.

II/4

Мислам дека таа работа не е коректна и фер од страна на надлежното министерство, а исто така и од Владата, затоа што прифаќа.

Мислам дека треба да се придржуваме на заклучокот што го има Собранието по однос на оваа работа. Заклучокот е јасен. Не рекол вака како ние што велиме.
Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, ве молам? (не) Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23 пратеници)

Дали има некој против? (23 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? ( 2 пратеника)

Молам да се утврди точниот број пратеници во салата.

Очигледно немаме кворум и гласањето ќе го повториме.

Молам пратениците да влезат во салата. Педесет и девет пратеници има во салата.

(во салата влегоа уште пратеници и пратениците сами констатираа дека има доволен број и може да се гласа).

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 24 пратеници)

Констатирам дека: амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата, г-динот министер Унковски да земе збор.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот на член 1 став 1 не се прифаќа бидејќи не е изменет ни насловот на законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Аце Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани, Наџи Пурде, Сами Ибраими, Хисни Шаќири и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот на член 1 став 1 не се прифаќа бидејќи е спротивен); на Уетавот на РМ според кој еден е службен јазик , а другите можат да бидат во службена употреба во -единиците на локалната самоуправа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот.

Денеска на министерот за култура кој се обидува да се занимава со првни работи, па дури и со Уставот , ми даде една мала лекција што е Устав и што е тука предвидено.

За време на расправата, кога беше овој закон во фаза за донесување имав прилично долга, научна, конструктивна, правна дискусија и скоро во целина на соодветен начин тоа излагањеважи и дене Меѓутоа, што се однесува до овој амандман со кој парламентарната група на ДПА интервенира и сака сите тие дефекти и во овој предлог

закон на некој начин да ги елиминира и да го даде својот допринос и тоа токму врз основа на уставните одредби, но тие треба да се спроведуваат во дело, да се толкуваат објективно, самата смисла на Уставот а не кој како ќе се сети па дури и на лаички начин. Сакаме да го дадеме нашиот допринос за инкорпорирање на овие интервенции во предложениот законски проект за поцелосен и за поефикасен закон за исправување на најмаркантните пропусти и дефекти за да не биде во колизија со уставните одредби и меѓународните правни норми за потполна рамноправност на сите национални колективитети кои живеат во РМ и во сверата на рамноправноста, употребата на јазиците без потценување и дискриминација.

Во спротивно, како и безброј други закони донесени со мајоризирање и без концензус посебно без албанците и овој ќе има ист епилог. Не може да се применува во секојдневната практика и секојдневниот живот туку ќе се еволуира и понатамошното развивање и прогресот спрема специфичностите, традицијата , својот јазик, својата граматика, својот правопис, својата култура, така да овој веќе предложен и евентуално вака прифатен закон нема да има никаква валидност

Уште поконкретно, што се однесува до овој член за кој интервенираме на овој предложен закон како што е санкционирање се операционализира само членот 7 токму со овој амандман став 1 од Уставот на РМ, меѓутоа членот 7 го потенцирам во овој законодавен дом не знам по кој пат. Во Уставот има и став 2 и 3 , господа, за службената употреба на јазиците на националностите иако во ограничен обем просторно и бројчено во околу половината на Републиката .

Овој наш амандман треба да се прифати од причини што овој предложен член е токму во колизија со членот 7 став 2 и 3 од Уставот на РМ. Значи, ние сакаме да биде во смисла на Уставот како што е

санкционирано, а не преку парцијални закони кои се донесени со десетина во овој парламент на парцијален начин, на некој начин на перфиден начин, се изменува полека Уставот и тоа према она латин-ското , значи специјален закон го изменува општиот, се води една многу опасна игра само да се потврди тоа што е лошо поставено, лошо донесено, еден ден само со еден амандман да се измени и тоа пшго е преостанато во Уставот во тие општи начела кои се земени од меѓународните правни акти и конвенции. Затоа ние сакаме да биде добар закон и во тоа да се вклучат и нашите амандмани. Во овој случај првиот.

Благодарам. Тунгатијета.

**БЈ1АЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот на член 1 став 2 не се прифаќа бидејќи терминот литературен е усогласен со стручната и компетентна јавност. Тоа е апсолутно синоним за стандарден, така да употребата на стандарден е доволна и го задоволува другиот аспект.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Господинот Аце Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Г-динот Аце Коцевски го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Членот 2 став 2 веќе се брише во текстот согласно прифатените амандмани од ЗПК и Комисијата за култура на ова Собрание.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Аце Коцевски го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани , Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими, Хисни Шаќири и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи во член 2 став 2 веќе е направено кратење на текстот односно бришење на текстот согласно амандманите на ЗПК и Комисијата за култура на Собранието.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор,

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве уште еден апсурд над апсурдите, една мала интервенција ние бараме место зборот "граѓаните" да се замени со зборот "Македонците"

III/1

сп/вс

**САЈ1И РАМАДАНИ** (продолжение)

Значи, некој се срами од својата припадност да не биде наместо "граѓаните" исто името на својата нација "македонците". Мене тоа не ми пречи, а на предлагачот да, затоа што има скриени цели со кој овој закон сака да се наметне, меѓутоа, без успешно.

Кога Република Македонија ја уредува и гарантира со закон употребата само на македонскиот, како право и должност спрема овој член, тоа е право и должност само за македонците. Македонски јазик, македонско право и должност, бидејќи тој е нивен мајчин јазик и не треба и не може да се однесува на другите граѓани од редовите на другите национални колективитети, а посебно на албанците кои се во толку голема популација и поврзана популација да во никој случај не доаѓа предвид никаква врста на асимилација, во никакви прилики, што не може да биде ни за време на Римската империја, ни за време на Византинската империја, ни за време на Турската империја, ни за време на сите тие Југословенски кралеви, а од друга страна апбанскиот јазик и неговото писмо е еден од најстарите јазици не само на Балканот туку и во Европа. Со параграфи не може да се наметнува тоа што природата на еден јазик не го дозволува.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за култура г-динот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ**

Сакам само да кажам дека овој закон ако се чита внимателно и воопшто ако се чита ќе видите дека не е насочен против никој друг јазик а најмалку против албанскиот и такви тврдења и импутации не прифаќам и се оградувам од нив.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Има збор г-динот Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Како работи оваа привремена владеачка партија на оваа привремена Влада се знае и не може ....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Сите сме привремени.

**САЛИ РАМАДАНИ**

.... да се прифати такво оградување нека се огради колку сака затоа што да беше донесен закон бруто заеднички за употреба на јазиците кои се зборуваат во Република Македонија можеби немаше да има такво сомневање или во исто време заедно да беа донесени и овој Прелог на закон за употреба на македонскиот јазик и закон за употреба на апбанскиот јазик и јазиците на другите национални колективитети кои живеат во Македонија. Тоа се подразбира само по себе, се знае целта на овој закон, на крајот имавте прва верзија, од таа верзија не произлезе ништо само сега сте се фатиле за еден друг агол, и ние јадеме леб.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали друг бара збор?

Има збор г-динот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ**

Го молам претседавачот потпретседателот да ги опомене говорниците во смисла да не навредуваат, да не зборуваат за привремени влади, нека се држат за Уставот....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Да, јас реагирав уште при изрекувањето....

**МИЛЧО ТРАЈКОВ**

.... да нема стручњаци за Устав и нестручњаци за Устав, мислам дека тука во овој Парламент треба меѓу себе сите да се почитуваме вклучувајќи ги тука и министрите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Секако овој апел е за сите.

Господинот Зеќир Кадриу бараше збор, но реплика бара г-динот Сапи Рамадани. Се пропознав во излагањето, так ами рече, по Деловникот има право да се препознае.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Значи, дури некој анонимус се обидува...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Јас ве молам немојте повторно...

**САЛИ РАМАДАНИ**

... ве молам да ме научи која терминологија која терминологија ќе употребувам. Тоа е најмалку што може да се каже привремена владеачка партија, привремена Влада. Тоа не е навреда, па не се вечни. Сакате да кажете ќе бидете доживотно вечни пратеници, вечна партија, вечна Влада? Тоа не менува ништо. Земјата и така се врти и без вас.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Сите сме привремени на овој свет затоа ве молам, повелете но ве молам немојте на лични пресметки овде и лични етикетирања, да го задржиме дигнитетот на Парламентот. Господинот Трајко - реплика.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ**

Јас се извинувам што директно ќе се обратам г-дине Сали Рамадани јас го знам вашето име и презиме, ве почитувам, јас не сум анонимус, јас сум Милчо Трајков нивото на култура не ми дозволува на тој начин да се обраќам на моите колеги.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Г-динот Рамадани - реплика. Јас ве молам да работиме, оставете ги овие работи за други прилики.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Видете искрено да ви кажам не ви го знам ни името ни презимето ни вашата изворна единица ниту ме интересира. Да сте познат, ефикасен пратеник, да не се занимавате со мојата терминологија и моите дискусии, туку со себе, да сте активни, би ве знаел и јас. Не знам колку ве знаат вашите избирачи кои гласале за вас.

III/5

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Ве молам.

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, излегов на говорница само да кажам два три збора во врска со амандманот што е предложен во членот 2 став 2 зборот "граѓаните" да се замени со зборот "македонците". Јас навистина можеби некој од пратениците ќе добијат впечаток дека тука само инсистираме во некоја форма да ги убедиме нашите колеги пратеници дека секој наш предлог што е предложен не е на ниво, секој наш предлог има некоја позадина итн. Но, целта е таа дека и предлагачите на законот и другите што се присутни сигурно знаат дека со овој закон зошто ние како пратеници албанци инсистираме тоа да биде насочено и да се утврди една вистина што навистина нас како пратеници не доведува до сомневање. Се сомневаме во тоа дека секое инсистирање на тоа само да биде само на македонски, само македонци итн. ги отстранува сите други присутни националности што живеат во Република Македонија имајќи го предвид тоа дека во Република Македонија и те како живат и другите националности почнувајќи од апбанците, турците, ромите, србите итн.

Во конкретниот случај ќе беше многу поконкретно и појасно ако предлагачот ја имаше потсетено уште оваа работа за да бидеме посигурни дека навистина ќе се донесе посебен закон во врска со употреба на јазиците на националностите или во овој закон, како што е предложен, барем во еден член да беше спомнато и тоа дека на пр. имаме предложено во член 15 имаме еден амандман каде децидно ќе предложиме односно оставиме исто така дека освен овој ќе биде донесен посебен закон за зачувување, заштита на јазиците на националностите.

За да бидам поконкретен во овој случај јас би сакал уште еднаш да не бидеме сватени погрешно бидејќи неколку пати министерот излезе на говорница и рече законот навистина нема намера другите јазици да ги доведе во поповолна положба, но како се предложени овие членови и како се гледа на овие предложени ставови на сите овие членови навистина гледам дека има една голема измена од предходно предложениот закон што беше посветен токму за оваа работа. Во првата фаза имаше друга верзија, сега друга верзија навистина не е фер од страна на предлагачот да не се објаснат, до крај, некој работи што би ја прецизирале комплетно состојбата за целта на овој закон што го донесуваме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали друг бара збор.
Има збор г-динот Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ**

Дами и господа пратеници, се работи за достаа конструктивен амандамн, мислам дека измената на овој член се однесува само во врска со зборот "граѓаните" кои треба да се замени со зборот "македонците". Тоа е многу јасно и децидно, бидејќи законот е национален и предлагачот не требаше да се повикува на граѓаните на Република Македонија ниту може овој закон да ги задолжува сите граѓани на Република Македонија. Треба да се знае јасно и прецизно, тука не треба да има никаков спор кога се однесува за една култура најнадлежни се припадниците на таа националност. Мислам дека ние поднесувачите на амандманот немаме никаква намера, но изгледа дека предлагачот не сака да ги свати нашите сугестии и забелешки во врска со овој закон. Концептот на законот е таков што не може предлагачот уште еднаш повторувам, да се повикува на граѓанскиот концепт, бидејќи не ја регулира проблематиката за цела Македонија, за сите граѓани на Република Македонија. Јас реков во

моето излагање дека најнадлежни за зачувување на македонскиот јазик се Македонците. Тука нема дилеми. Зошто сега предлагачот во овој член 2 став 2 се повикува на граѓанскиот концепт? Тука е проблемот. Дали има логика, на ова прашање треба да одговори предлагачот колку може од правен аспект да се оправда овој став на овој член.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали друг бара збор?

Имза збор г-динот Дане Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ**

Почитуван потпретседателе, почитувана Владо, драги колеги, јас ќе гласам против овој амандман и сакам да кажам збор два во интерес на предлагачот на законот, а не во интерес на предлагачот на амандманот. Не ми е чудно што предлагачот на амандманот на вака препознатлив стил го брани овој амандман и постојано на секоја седница сака да протне на мала врата нешто постојано сеење, што рече колегата, конструкција оваа деструкција, ќе почнам во интерес на амандманот од самиот почеток на заглавјето на законот- Предлог закон за употреба на македонскиот јазик и во членот 1 стои "со овој закон се утврдува употребата на македонскиот јазик како службен јазик во Република Македонија (во натамошниот текст Републиката)". Повеќе не би читал од првиот член, ќе спомнам само уште нешто во Уставот Република Македонија е дефинирана како држава на граѓаните кои живеат во Република Македонија. Според тоа законското решение што е предвидено од страна на Владата е во ред во согласност со Уставот, а сега предлагачот и неговите колеги кои се труделе да го одбранат овој амандман не се во право и директно удираат на Уставот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали друг бара збор?

Господинот Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Добро е тоа што мојот стил го познавате, а јас вашиот не, значи еден комплемент, меѓутоа, Уставот се брани на дело, Уставот се брани со работа а не со зборови. Ние имаме цел токму како што е намерата на овој предпожен закон за кого се применува, кому е дестилирано и така да оди до крај нашите интервенции и во овој амандман имаат само една добра намера законот да се усовршува и намерата да оди до крај на адекватен, соодветен и објективен начин и нема никаква друга позадина.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Има збор г-динот Стефановски.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ**

Повторно сакам да помогнам за некои работи. Никогаш не сум се плашел по примерот на Австралија која важи за мултикултурна земја. Знаете кои етнички заедници живат таму. Службен јазик е англискиот. Тој не се штити таму со закон затоа што англиското јазично подрачје нема потреба да се штити знаете во која експанзија е. Вчера го кажав примерот со Франција. Уставот на Македонија е граѓански концепт, тоа секаде консеквентно се спроведува. Јас го кажав примерот дека повеќето од населението и на пратениците и на личностите со кои сум комуницирал говорат подобро македонски јазик од апбанците отколку ние и на говорницата овде ако сакате. Ова го кажав како пример. Вие треба да се растеретите ако не е тоа

во служба на некои политики, на некои политички кампањи. Да се ослободите овој закон нема намера никому да наштети. Има намера да го спроведе она што е и самите македонци, бидејќи е мало јазично подрачје, да си го заштитат својот јазик. Тоа апсолутно нема да му штети на ниедна етничка заедница, на никој од националностите од Македонија.

Видете, во законот за култура, убеден сум, дека од национапните интереси на Македонија ќе бидат и тие театри и други нешта кои имаат значаен придонес и повторно не се плашам Македонија да ја наречам мултикултурна земја. Мислам дека е достоинство на Македонија, ви го кажав примерот со некои проекти, претстави. Не можеме да му префрламе денеска на овој закон од сферата на другите нешта. Нема потреба. Ќе следи и законот за култура и ако од таа точка го правиме напротив ќе изгубиме добар дел од луѓе кои сакаат и гледаат заедништво во оваа земја. Тоа е многу опасно, немојте, сега доаѓаат избори, немојте на ваков начин да правиме маркетинг.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали друг бара збор?

Има збор г-динот Рамдани.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Излегов по н езнам кој пат и жал ми е што една ваква позната личност вака мисли. Значи, овој човек не е анонимус туку афирмиран, талентиран човек, меѓутоа, излегов тоа што ние бараме да се интервенира со овој амандман во членот 2 став 2 должен сум да го цитирам целиот став и да видам каде е мојот грев, мојата грешка, моето барање. Што значи тоа? Значи, во член 2 став 2, господа, вели: "Републиката ја гарантира употребата на македонскиот јазик...".

IV/1.- РД/ЉР

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Ова е должност на граѓаните на Републиката. Каде е мојата грешка. Што барам. Зборот граѓаните да се замени со зборот нацијата ваша македонска, на македонците и правиме сега галама цел ден за тоа, наместо вие македонците да барате да се заменува тоа општо речено граѓански, што нема крај, не може дури да се дефинира, бараме да се замени, да се гарантира значи правото и должноста на употреба на македонците во Републиката. Тоа нема смисла. Баш ме брига на крајот ако вие не сте заинтересирани за Вашиот јазик, за вашата нација, наместо граѓаните да биде македонците, па дајте некој друг збор тогаш, уште полош. Немојте луѓе тоа е катастрофа за вас. Тоа е катастрофа за овој Парламент. Човече немам потреба за маркетинг. Јас имам најмалку потреба во оваа Република. Сега правиме како ние да сме направиле кој знае каков криминал тука, што бараме место граѓаните да стои зборот македонците. Ве молам тоа не е фер за тоа нема смисла, тоа нема логика.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Само да укажам да не оди дискусијата многу далеку, бидејќи нема потреба. Повторно сакам да нагласам дека комплетниот член што го цитиравте пред малку, значи член 2 став 2 се брише согласно амандманите на ЗПК и Комисијата за култура. Тоа го кажав пред малк; ке го повторам уште еднаш. Тој став практично не постии за кој што барате измена.

IV/2.-

**БЛАЖЕ ФИЛИОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? /никој/

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (7)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 3 у поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛБОДАН УНКОВСКИ:**

Овој амандман за бришење на членовите 3 и 4 не го прифаќа во името на Владата иако се разбира, можеме да дискутираме за него Сметам дека е потребно да се нагласи позицијата и да се елиминираат сите недоразбирања што и еве денеска се појавуваат во оваа цела расправа. Токму од овие причини сметам дека овие членови 3 и 4 треба да постојат.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Веќе нема никаква смисла да предлагам бришење н а членот затоа што министерот не ми го прифати амандманот за измена на називот на законот и на членот 1 каде се дефинира што опфаќа овој закон, што значи првиот дел од амандманот е без предметен, тоа е едната причина, другата причина мислам доколку се прифатеше амандамнот да се нагласи јавната употреба на Македонскиот јазик, немаше да има потреба

од оптоварување на законот со ваков член, а од друга страна затоа што во Уставот на Република Македонија пишува дека се што не е со закон забрането е дозволено. Тоа значи ако ние регулираме јавна употреба на македонскиот јазик, дека во приватна употреба може да се употребува било кој дијалект.

Што се однесува до предлогот за бришење на членот 4 јас би го замолил министерот да направи уште еден обид да размисли дали треба да го отфрли предлогот за бришење на овој амандман од следните причини. Прво, Уставот е највисок законски акт во нашата земја и таму се регулираат употребата на македонскиот јазик и на јазиците на националностите.

Второ, Законот за локална самоуправа спаѓа во законите кои се од системски карактер и кој се донесуваат со двотретинско мнозинство. Не можеме ние со член од овој закон кој е " од понизик ранг од Уставот и до Законот за локална самоуправа да кажуваме дека опдредбите од овој закон важат доколку не се во спротивност со Уставот и со Законот за локална самоуправа. Едноставно тоа само по себе се подразбира и нема потреба од оптоварување на овој зак со овие членови. Уставотворецот кажал таму, односно Собранието кое го усвоил Уставот и истиот овој Парламент со двотретинско гласање на локална самоуправа точно дефинирал кога и како може да се употребуваат јазиците на националностите во локална самоуправа каде што во значителен број или во мнозинство живеат припадници на националностите, како што ги дефинира Уставот, да не го употребува зборот малцинство. Оттаму сите мој амандмани се во функција на подобрување на текстот на законот, а не во функција на контрира на Владата би го замолил министерот да направи обид и моментално да се предмисли.

IV/4.-

Дали некој друг бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање на нов став 2 поднесен од пратениците: Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сали Ибраими, Хисни Шакири и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛБООДАН УНКОВСКИ:**

Предлогот за изменуваше на членот 3 да се додаде нов став не се прифаќа, бидејќи службената употреба на јазиците на националностите е неуредена со Законот за локална самоуправа и во согласно со тој закон може да се доуреди употребата на јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа. Според тоа не сметам< дека тука треба посебно да се регулира.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Една исправка за претходниот амандман. Се гласаше не беше прифатен. Годподо, нашиот амандман беше прифатен бидејќи од комисија е предложен и бришен е тој став, што значи ние сме во право дека тој нема да се инкорпорира во Законот. Факт е дека нашиот амандман е прифатен. Како што некако на крајот се признава, иако делумно во предложениот член 3 дека одредибте на овој закон не го ораганичуваат правото на слободно творештво и на развивањето на

културниот, јазичниот и верскиот идентитет на граѓаните на Републиката, иако требаше барем да се каже наместо граѓаните, националностите, кои се надоврзува некако и со членот 48 став 4 од Уставот на РМ со мало фалсификување господа и се избегнува една мала искра поднаводници. Ние со предложениот амандман, бидејќи не се прифати нашиот предлог за донесување на заеднички закон за употребата на јазиците само навестивме една нова стварност која не се за термини како кондициос сине кванон, услов е без кој не се може, од страна на мнозинството на привремената нагласувам повторно владеачка парти како и во безброј други закони, законски проекти за донесување на овој сепаратискички закон, како неопходен.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Веке 7 години се чека д асе донесе Законот за употреба на јазиците во РМ, но за жал од донесувањето на Уставот, па се до денеска мака мачиме, токму за јазикот, високото образование и некои други работи со кој требаше со закон веднаш после донесување на Уставот да се уредат овие членови, но за жал уште тоа не едно сено па затоа овој амандман е поднесен од нашата пратеничка група бидејќи во Македонија знаеме сите едека не се зборува само на македонски, туку се зборува и албански и турски и влашки и Српски и бошњачки итн. Јазикот е средство за комуницирање меѓу луѓето, нема развиен модерен јазик и заостанат неразвиен јазик. Секој јазик ја врши својата функција. Со ова ние пред светот грешиме бидејќи сакаме Македонскиот јазик да го креваме до пиедестал да биде навистина  не споредлив со ниеден друг јазик со јазиците кој што зборува тука кај нас. Со овој Закон Македонија се затвара и сака некој Македонија да постане монолистичка земја, а тоа е грешка, со тоа македонскиот јазик ќе трпи и македонсккиот народ, никој

друг. Во Англискиот јазик 53% од лексиката се од романски јазици, само 47% се од германска но сепак англискиот постои како англиски и спаѓа во фамилијата на Германски јазици. Во македонскиот јазик има околу 3.000 позајменици од Англискиот јазик, тоа е магистерска работа на еден наш колега, значи треба 3.000 зборови да се исчистат од македонсккот јазик од англиското фовороно подрачје. Уште еднаш ке налгасам ова е грешка дека јазикот треба да се отвори према свето1 јазикот треба да позајмува мисли, треба да позајмува позајменици, зборови од другите јазици, инаку ќе остане многу сиромав и за жал овој закон сакаме пред време да го донесеме без да се консултираа, најважните, најглавните асоцијации или личности во Македонија, ка: што Лингвистите, научниците итн. Уште еднаш гледам дека вака парцијално да се донесе закон само за еден јазик, тоа е голема грешка. Ако се донесе закон, тогаш да се донесе за сите јазици.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од пратениците: Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраим: Хисни Шакири и Зекир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛБООДАН УНКОВСКИ:**

IV/7.-

Не се прифаќа предложениот амандман.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еден добар рефрен уметнички не се прифаќа, не се прифака, не се прифака. Така велеше и Владо Поповски, па така заврши и тој.

Со овој амандман тоа е во врска со потполната рамноправност на Албанскиот јазик со македонскиот. Овој амандман точно е во согласност со членот 7 став 2 и 3 од Уставот на РМ, а тоа што барав! во претходниот амандман да се донесе посебен закон господа, баравме интервенција во членот 3 да се додаде став 2, службената употреба на албанскиот јазик и јазиците на национални колетивитети се одредува со посебен закон.

Господа на крајот на член 7 став 2 и 3 кога се зборува за употребата на јазиците на националностите во локална самоуправа каде се во мнозинство или во значителен број вели дека службената употреба на тие јазици на крајот се уредува со посебен закон. Каде е тој закон. Дали е тој закон за службена употреба на јазиците на националностите во Законот за локалната самоуправа. Не, тоа нема врска иако таму има некој членови кој ја предвидуваат службената употреба службено да се употребува, значи со посебен закон за јазиците на националностите. Ние тоа го баравме тогаш, тоа го бараме и сега. Уште еден предзнак е овој дека наскоро ќе се донесува, верувам дека ќе се донесува, очекувам да се донесува и сличен закон за употребата, барем, така и во комисиите се зборуваше за албанскиот јазик и ништо повеќе, но и ништо повеќе како би се спроведувале и како такви соодветните одредби на актуелниот Устав, како и најважните меѓународни одредби и конвенции, кои оваа привремена Влада на привремената владеачка партија ги потпишала,

додека овој Парламент, привремен Парламент, заедно со мене ги ратификуваше токму тука во оваа сала.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на Констатирам дека Амандманот не е прифатен.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за менување на алинеја 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Унковски министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот на член 5 став 1 алинеја 1 не се прифаќа затоа што сметаме дека установите не се примарен облик на организација, а сеуште чекаме да се појави закон за станови, односно главен облик на реорганизација на трговските друштва, согласно Законот за трговски друштва. Според тоа, установите ги користиме како термин, меѓутоа не ги сметаме како примарен облик. Затоа не го прифаќаме амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коцевски.

Господинот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Не го прифаќаме овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Господине потпретседтеле, господо министри, колеги пратеници,

Ќе го ризикувам моето размислување, бидејќи на Комисијата предлогот помина половично, 50:50. Поддршката на пратеникот Љубомир Чадиковски и на потпретседателот Џеладин Мурати ми значеше многу. Но, сметајќи дека, да не бидам кочничар на заложбите за франкофонија и за употреба на англискиот јазик, за индустриската сопственост и двојноста во погледите, го повлекувам амандманот.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Господинот Коцевски го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Унковски,министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Го повлекувате или да одговорам?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Повелете господине министре.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Значи, не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Малку заканувачки ми прозвучи интонацијата на тонот на министерот, би го замолил да внимава како се обраќа на мене лично, па и на останатите пратеници.

Суштината на предложениот амандман е, покрај дозволата за лекторирање на текстови без полагање на испит за лектор на докторите на наука од областа на македонистиката, со закон да им се овозможи истото право да го имаат и министрите за наука. Затоа што од магистер на наука, до доктор следува само една докторска дисертација. Додека се знае, процесот да се стане магистер што треба да помине и мислам дека нема ништо необично во предлагањето на овој амандман.

Благодарам.,

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Во врска со тонот, бидејќи настрана од работава моментално што работам, тонот, реплика, така ми е сепак дел од специјалноста, навистина не се работи за заканување бидејќи нема причина, туку само се работи за штедење на време и практични работи.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(12 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на став 5 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Има збор министерот за култура, господин Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Овој амандман не го прифаќаме бидејќи сметаме дека со тоа ќе се измени дикцијата на соседните членови. Така што не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 8 и 9 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот на членовите 8 и 9 не се прифаќа бидејќи надлежноста на овие институции е строго научна и утврдена со закон, а работата на советите и комисиите е државно-правниот аспект на ова прашање и сосема различно од надлежноста на овие другиве, претходно споменатите институции.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Го повлекува амандманот господинот Коцевски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Господинот Коцевски ги повлекува сите амандмани, значи амандманот на член 10 став 3, амандманот на член 11 став2.

Во меѓувреме пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 15 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Билали, Мевљан Тахири, Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Мевљан Тахири, Абудлади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Унковски,министер за култура.

Не прифаќаме бидејќи сметаме дека ратификацијата на меѓународни акти се врши со закон, а не во рамките на овој текст.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (11 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за додавање нова став 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Унковски, министер за култура.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И на крајот, како епилог на сето ова што се случува во овој парламент, ние, претпоследниот член, дека овој закон стапува во сила и тн. се надоврзува со претходниот, 15-от член, ние бараме, согласно со логиката, со насловот на овој предложен закон, не барам ништо помалко нити ништо повеќе да се додаде во членот 15, став 2 со овој текст:

"Овој текст важи само за македонцит (што одговара на самиот наслов, нормално) додека за албанците и другите национални колективитети ќе се донесува посебен закон", како што предвидува Уставот, за употребата на албанскиот јазик и другите јазици.

Тоа е многу јасно, само априори ако сме расположени да не се прифати нешто што е од опозицијата, а посебно од парламентарна група и пратеникот на ДПА, тоа е веќе друга работа.

Со овој амандман, со детерминантното, инперативното и облигаторното прифаќање на овој амандман, сака некој или не, се потврдува добрата намера на овој законодавен дом, дека со употребат на македонскиот јазик не им го наметнува на албанците и другите национални колективитети кои живеат во Република Македонија. Ќе биде многу тешко овој закон да го спроведуваат и самите македон- ци и затоа ќе биде потребно подолго време. Дури со децении. Ќе имаат потешкотии, па дури и консеквенции т.е. последици и другите и морално и материјално, значи ќе имаат последици. Додека за албанците и другите со овој амандман се проверува намерата на предлагачот и на некои собраниски комисии, дека навистина со овој закон не се ограничува и правото на слободно творештво и верскиот, јазичниот, развивањето на културниот, јазичниот, верскиот идентитетите на граѓаните на РМ, според членот 3 на овој предложен закон, односно дека не се ограничува, цитирам:"правото на службена употреба на јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа, согласно Уставот на РМ"и членот 4 од овој закон, како и нивната искреност за донесуваше на посебен закон со кој треба да се уредува од оваа материја, од оваа сфера и за албанците.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ.**

Има збор господинот Унковски.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Овој предлог не можам да го прифатам, меѓутоа сакам да укажам на заклучокот на Комисијата за култура што беше изнесен овде и вчера, дека Комисијата за култура ќе утврди работна група и ќе почне со разговори околу начините на заштита на јазиците на националностите во РМ. Тоа беше речено и вчера.

Што се однесува до мојот однос кон опозицијата и дали ги прифаќам или не предлозиве, сакам да кажам дека на едно место имав да одговорам позитивно. Меѓутоа, за жал тој амандман беше повлечен, на член 11 став 2, каде бев спремен да прифатам, меѓутоа тој амандман се повлече и немав можност да одговорам позитивно на предлозиве.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ.**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(9 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеници)

Дали има некој против? (10 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употребата на македонскиот јазик.

Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори.

Предлогот на законот, дописот на претседателот на РМ и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претре

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 3 и на член 4 за менување на став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 13 за бришење на став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на член 4, еден, два, пет, член 10, член 13 за бришење на точка 3, член 14, член 15, еден и два и на член 19 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Молам да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Очигледно дека немаме кворум и гласањето е невалидно.

Молам, пратениците да влезат во салата.

Бидејќи пред малку гласањето беше невалидно, го ставам на гласање Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

Молам пратениците да влезат во салата бидејќи за овој закон е потребно 61 глас за.

Молам да се повикаат пратениците да се изврши гласањето.

Господинот Коцевски бара деловнички.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се извинувам што задоцнето реагирам во име на пратеничката група на ЛДП. Тоа е од причина што не бев подготвен во моментот заради вчерашната најава на претседавачот дека оваа точка се одложува за некое подоцнежно време...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За денеска.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Мислев дека ќе биде пред крајот на седницата. Се сеќавате, впрочем како и јавноста дека пратеничката група на ЛДП во врска со недоразбирањата што настанаа со непотпишувањето на Указот за стапување во сила на овој закон, на релација Претседател на Република - Влада на РМ баравме Претседателот на Републиката во своето обраќање на пратениците пред нова година да го искаже својот став. Меѓутоа, бевме сведоци дека тоа Претседателот на Републиката не го направи иако се работи за многу важен и значаен настан.

Мојата интервенција е во друга смисла, ако внимателно се читаат овие дописи што ги добивме посебно продолжението на амандманите доставени од Владата на РМ на 19.1.1998 година, во образложението на амандманот 2 се вели дека ова се предлага поради тоа што Претседателот на РМ до претседателот на Собранието на РМ доставил допис во кој укажува зошто не е потпишан Указот за прогласување на законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Меѓутоа, ова е написот кој од претседателот на Републиката е доставен до претседателот на Собранието и тој е примен во Архивата на Собранието на 21. Тоа значи дека Владата кога ги правела овие амандмани, ги правела на памет односно се повикува на некое, наводно, писмо на претседателот на Републиката до претседателот на Собранието, затоа што Владата за тие работи расправала, колку што мене ми е познато 10-тина 11 дена пред тоа, на 9 јануари. Очигледно нешто не е во ред. Или ова писмо многу долго патувало од Кабинетот на претседателот на Републиката, затоа што под штембилот на претседателот на Републиката стои дека е наводно на 9 правено, меѓутоа, штембилот јасно зборува дека тоа е заведено во архивата на 21. Значи, Владата на РМ како овластен предлагач на овие амандмани во моментот кога расправала за тоа и кога ги доставила амандмани сеуште овој допис го немала затоа што едноставно не би стасан во архивата на Собранието на РМ од Кабинетот на претседателот на Републиката.

Од тие причини пратеничката група на ЛДП сметаше дека има потреба претставникот на Владата, почитуваниот министер за надворешни работи г-дин Ханџиски да земе збор и да даде образложение за овој настан што се случи во врска со доставувањето на дописот од претседателот на Републиката.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Расправата е заклучена. Јас се извинувам.

Г-динот Панче Минов бара деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Го користам правото да објаснам како ќе гласам, според Деловникот.

Исто така деловнички господине претседатевач ако претставникот на Владата, министер без разлика што е заклучена расправата побара збор, може и да добие.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Не е така.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас по однос на законот за склучување и ратификација на меѓународните договори ќе гласам негативно затоа што шансата што ни ја дава членот 75 од Уставот на РМ, повторно да расправаме по овој закон кој од ова Собрание е усвоен, но не е потпишан указот на претседателот на Републиката, мислам дека создаде една состојба во која што, на пример се лоцираа неколку прашања во дописот што дополнително го добивме и ние како народни пратеници за неусогласениот донесен од нас закон со член 119 став 1 во однос на надлежностите на претседателот на Републиката за склучување на меѓународни договори.

Со една содржина на веќе еднаш од нас усвоен закон во делот на склучувањето на меѓународните договори да се ограничуваат и редуцираат правата на претседателот на Републиката во име на Републиката за склучување на меѓународни договори.

Со овој амандман кој е веќе, бидејќи од Владата е и составен дел на сега разгледуваниот предлог закон за склучување и

ратификација на меѓународни договори се дава решение по повод укажувањето од претседателот на Републиката. Тоа решение според мое оценување и мислење не е во согласност, не е во духот на одредбата од ставовите 1 и 2 на член 119 од Уставот на РМ затоа што нкако во начело и принцип во име на РМ се регулира, се уредува правото на претседателот да ги склучува генерално сите договори од меѓународен карактер, веќе во ставот 2 тоа е и обврската на предлагачот, а и наша како Собрание за изнаоѓање решение за надлежноста за склучување на меѓународни договори како можност и од страна на Владата. Но, овој став 2 од амандманот кој е составен дел на законот се дава таква ширина на сите области во кои може и Владата да ги склучува меѓународните договори така да се поставува основно....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, на деловничката интервенција, бидејќи претресот е завршен. Се извинувам што ве прекинувам.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас објаснувам зошто ќе гласам против.

Во таа смисла, во овој став 2 од амандманот кој е составен дел на законот фактички се негира и повторно се редуцира генерална1 надлежност на претседателот на Републиката во име на Републиката за потпишување меѓународни договори, бидејќи можноста што е дадена и во Уставот, член 199 став 2 со овој став на амандманот како составен дел на законот, фактички повторно и во сите области

кои се таксативно наброени, освен изменување на граница и приклучување и испаѓање на сојузи на држави, фактички во сите области, а дописот на претседателот гласи да се одредат по кои прашања или области е можноста за склучување договори и од страна на Владата. Сметам дека повторно дословно не се спроведува укажувањето на претседателот на Републиката како и причина за непотпишување на указот на еднаш донесениот од наша страна закон за склучување и ратификација на меѓународни договори. Тоа што како категорија може овде фактички може во сите области што значи повторно една паралелна, генерална надлежност и на претседателот на Републиката и на Владата во име на Републиката за склучување меѓународни договори. Не се конкретизира кога веќе може, кога е тоа условено со уредување од законот, кога може, не се дефинира во ставот 2 од амандманот кој е составен дел и фактички со тоа и не се прецизира по кои прашања и во кои области од склучувањето на договори од меѓународен карактер е можноста да ги склучува и Владата.

Во таа смисла сметам дека нема доследност во спроведувањето на укажувањето од претседателот на Републиката со амандманот на Владата кој е сега составен дел на законот и повторно не се врши усогласување и согласност на овој закон со членот 119 од Уставот ставовите 1 и 2 и во таа смисла нема да гласам за законот.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас н езнам дали е деловнички или не е деловнички, но откако се затвори расправата по амандманите со кои излезе Владата и со кои што

излегоа телата на Собранието во текот на процедурата на повторно разгледување на овој закон во согласност со член 75 став 3 од Уставот на РМ и се кажаа неколку констатации почувствував потреба да излезам и да одговорам само на нив со оглед на тоа што во целата повторна расправа пред телата на Собранието, посебно на седницата на ЗКП и пред се на седницата на матичната комисија, Комисијата за надворешни работи, сите пратеници кои учествуваа во расправата, независно од партиската припадност, дадоа огромен придонес како прво да имаме исклучително или значително подобрување на севкупната содржина на сите одредби од членовите на законот и

Второ, вложивме заеднички напори навистина овој закон максимално да го испочитува духот, словото, дикцијата на Уставот на Република Македонија.

Познато е дека во изминатиот период и посебно последните денови законот предизвика голем интерес во целокупната јавност, а посебно помеѓу претставниците на органите кои имаат свои ингеренции и во неговото подготвување и во неговото донесување како што е тоа случајот со телата на Собранието или со денешната пленарна седница од повеќе причини, а сигурно една од најважните е тоа што се работи за закон со кои што се регулира исклучителна битна материја за РМ од сверата на меѓународните односи. Но, и заради тоа што еве во еден многу краток период од примената на нашиот Устав, од само 6 години се случува по втор пат и тоа во овој случај на вистински начин да се проверат некои од механизмите низ кои што РМ чекори кон

демократските достигнувања со оглед на јавната поделеност на законодавната, извршната и судската власт, во овој случај јасната поделеност на правата и обврските односно овластувањата на законодавната и извршната власт.

Претседателот на Републиката, согласно со неговите изворни уставни овластувања го има правото да го потпише или да не го потпише указот со кој еден закон се прогласува или упатува на објавување во Сл. лист на РМ. После 1992 година ова е прв вистински случај во кои што претседателот на Републиката оценува дека законот што го предложи Владата што ја помина целокупната законска процедура во првата фаза на неговото донесување во 1996 година дека овој закон помина низ телата, кои што и во тој период имале одредени забелешки, закон предложен од Владата кој што претставници на Владата во тој период го бранеа овде, по негово мислење не е во целосна согласност со одредени членови од кои што произлегуваат неговите изворни овластувања во оваа свера. Затоа претседателот на Републиката преку претседателот на Собранието на 12 јануари оваа година до Владата го достави мислењето до Владата во кои ги образложи причините заради кои не го потпишал указот за прогласување на законот за склучување ратификација и извршување на меѓународни договори.

Со оглед на тоа што во согласност со членот 75 став 3, во таков случај законот влегува во процедура на повторно разгледување од Собранието, а на неа и претходи процедура на повторно разгледување на законот во Владата, Владата на седницата од 12 јануари 1998 година повторно го разгледа законот и вложи максимални закони

VI/7

Прво, да се пренесе во законот, посебно во членот 3 духот, словото и дикцијата од Уставот на РМ.

Второ, со оглед на тоа што се даде можност за повторно разгледување на целокупната содржина на законот да вложи напори да се подобрат скоро сите членови во кои што се најде за сходно дека има простор за подобрување.

Оваа постапка или овој пристап го испочитуваа и телата на Собранието. Според тоа не станува збор за некакво недоразбирање на релација претседател на Република и Владата на РМ или во овој случај претседател на Република - Собрание на РМ, заради тоа што од моментот кога Собранието го изгласа законот по коинциденција на 21.5.1996 год., тоа е закон на државата на РМ и закон кој што усвоило Собранието на РМ.

Станува збор за демократски достигања, за механизми низ кои што се проверуваат правата и овластувањата на претставниците на законодавната власт, правата и овластувањата на претставниците на извршната власт и во овој случај претседателот на државата и Владата. Затоа сакав само да укажам на тоа дека во овој случај во кој што имаме демократска проверка на некои одредници во Уставот сите учесници во повторната процедура на разгледување на законот и негово усвојување во Парламентот дадоа максимален придонес да се подобри севкупната содржина на законот и, да повторам, што подоследно да се пренесе духот, словото и дикцијата на Уставот.

Во таа смисла е сосема јасно дека амандманите што ги даде Владата и неколкуте амандмани што ги дадоа ЗКП и Комисијата за

надворешна политика направија големо допрецизирање заради тоа што во нашиот амандман во пасусот 1 генерално во членот 119 ставот 1 во законот се пренесени генералните ингеренции на претседателот на Републиката да може да ги потпишува сите меѓународни договори.

Со оглед на тоа што праксата во државите кои што имаат сличен политички систем, како РМ и секојдневната пракса покажува дека има потреба од севкупниот корпус на меѓународни договори во кои што влегуваат ги различни видови на спогодби, но во кои влегуваат и меѓународни конвенции, во кои што влегуваат договори или спогодби на пример за мир и пријателство со одредени земји дека во таков случај треба да се направи повторно напор за целосно пренесување на словото на Уставот. Затоа во првиот став е кажано дека генерално во РМ во името на РМ сите меѓународни договор ги потпишуваа претседателот на Републиката.

Согласно ставот 2 од членот 119 во кој што дословно е кажано дека меѓународни договори во име на РМ може да потпишува и Владата на РМ, во согласност со закон ние го решаваме ова прашање со донесувањето на овој закон во кои што во согласност со ставот 2 по примерот на позитивна енумерација на областите во кои што и Владата ќе може да потпишува меѓународни договори го решаваме на начин кој закон го доби оваа завршна форма во која што излегува пред вас.

Завршувам со следната реченица.

Тоа што е овластена и Владата во областите наведени во амандманот на Владата да може да потпишува меѓународни договори воопшто не значи дека и претседателот на Републиката во истите тие

области не може генерално да си ги потпишува меѓународните договори. Според тоа, дословно е испочитувано мислењето на претседателот на Републиката со кое што образложува зошто не го потпишал указот за прогласување на законот што го усвои ова Собрание во мај 1997 година и со заеднички напори на телата на Собранието и на претставниците на Владата дојдовме до една содржина на Законот во која што дословно се почитува и мислењето на претседателот и словото, духот и дикцијата на Уставот на РМ.

Јас во тоа име на сите кои што дадоа конструктивен придонес да добиеме ваква поквалитетна содржина на законот ви се заблагодараувам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас сакам да потсетам дека ние се наоѓаме во фаза на гласање. Го повторуваме гласањето бидејќи во моментот на гласањето немавме кворум.

Аце Коцевски бара деловничка интервенција, веројатно да објасни како ќе гласа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Барам во име на пратеничката група на ЛДП кратка пауза, од 30-тина минути за да се договориме за нашиот однос при гласањето на овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Пауза од 30 минути.

Продолжуваме со работа во 14,10 часот. Ве молам да бидеме точни.

(Пауза од 13,40 часот)

(По паузата седницата продолжи во 14,45 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Бидејќи побарав пауза во име на пратеничката група на ЛДП дозволете ми да го искористам деловничкото право и да кажам како јас лично ќе гласам и како ќе гласа Пратеничката група на ЛДП. Ние не сме спремни да го поддржиме Предлогот за донесуваше на овој закон, мислам измените и дополнувањето од една формална и од една суштинска причина. Од формална причина затоа што е очигледно дека во постапката за поставуваше на оваа точка на дневен ред и во постапката на комуникациите помеѓу претседателот на Републиката, претседателот на Собранието и Владата на Република Македонија се направени многу неправилности. Тоа може да се види од штембилот од кој се гледа дека писмото во Собранието е заведено на 21 1998 година кога е и поделено на матичната комисија во Собранието на РМ, а во образложениeто се вели дека Владата на Република Македонија уште на 9 расправала и утврдила амандмани по предложениот закон.

Втората суштинска причина е во фактот што ние оценуваме дека со овие измени кои се предлагаат на овој закон воопшто не се отстрануваат пречките поради кои претседателот на Републиката одби да го потпише указот за стапување во сила на овој закон, туку баш наспроти оценуваме дека дури се соз дава и дополнителна конфузија и збрка во регулирањето на оваа чувствителна област што во иднина кога во РМ, е можна веројатноста Владата да биде од еден блок на политички партии, а претседателот на Републиката да застапува мислење

на сосема други политички партии, некои процеси во државата во преговарањето за многу важни работи со влади и други меѓународни институции паралелно да ги водат и Владата и претседателот на Републиката што ќе биде многу непријатно за нашата држава. Од тие причини пратеничката група на ЛДП ке се воздржи од гласањето по овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предложениот закон молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(14).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓу народни договори.

Минуваме на точката 4. - Предлог на закон за заштита на топографија на интегрални кола.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 14 алинеја 3 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлог на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за заштита на топографија на интегрални кола.

Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата би сакал да се осврнам со неколку збора по Предлогот на законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет.

Вршењето контрола на квалитетот на одделни земјоделски прехранбени производи и нивните преработки во надворешно-трговскиот промет е многу значаен елемент за субјектите што се занимаваат со узвоз и извоз на земјоделски прехранбени производи, а особено е важно да се стави ред при увозот на квалитетни прехранбени производи, а со цел да се стави ред и воедно да се обезбеди квалитет на прехранбените производи особено оние што се од увоз, а воедно и да се задржи присуството на Европскиот пазар со квалитетни земјоделски и други прехранбени производи. Бројни се случаите кога во нашата земја се увезени месни производи и преработки од месо со многу недозволени

примеси, или со многу лош квалитет што не одговара ни за човечка исхрана. Од друга страна сеуште е свеж примерот со озраченото млеко во прав што подолго време стоеше на граничниот премин Табановце и силно ја бранувашe нашата јавност.

Почитувани пратеници кога се работи за пуштање во промет на храна било да се работи за човечка, или за сточна храна во иднина ќе мора многу да се внимава. Имено, да се зајакне контролата за квалитетот на храната, а со тоа ќе се даде прилог во зачувувањето на здравјето на луѓето.

Во членот 3 во предлогот на законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно трговскиот промет стои како контрола на квалитетот на производите се смета контрола на физичко хемиските органолетничките својства на производот, количеството, декларирањето, пакувањето, превозните средства итн. Јас би сакал да укажам на следното, во одделни периоди во годината поинтензивно во РМ, се увезуваат поголеми количини на градинарски производи. Овие градинарски производи се просто на три, четири дена се врши третирање со одредени инсектициди и акарициди. Ретко кога се спазува каренцата, па потоа после прскањето, односно временскиот период од прскањето до бербата ретко се спазува тој период чести се случаите и во широката пракса ако денеска се изврши третира! со одредени пестициди, наредниот ден, или евентуално третиот ден овие земјоделски производи односно градинарски производи се носат на пазарот. Јас би сакал во оваа прилика да укажам дека овие пестициди поготово инсектицидите и акарицидите кои се наоѓаат, остануваат како ризидуи на градинарските производи по потекло од оранжериите, остануваат пиодолго време на градинарските производи и тие се исхраната се внесуваат во човечкиот организам и ретко кога се разградуваат, остануваат подолго време. Со бројни анализи е докажано присус-

твото на овие пестициди дури и во мајчиното млеко. Јас би сакал во оваа прилика да укажам дека добро би било бидејќи знам колку што мене ми е познато досега со ниту еден друг законски пропис не е уредено утврдувањето на ризидуите на овие пестициди во градинар- ските производи од увоз. Затоа се залагам да се најде место и во овој закон како би можело да се врши соодветна контрола за присуството на пестицидите во градинарските производи особено оние што имаат оранжериско потекло, односно што се произведуваат во оранжерии, бидејќи таму начинот на производство е поинтензивен и многу помасовна е примената на пестицидите. Од тие причини се залагам да се најде соодветно место во амандманската расправа и задолжително вршење на контрола на ризидуите во овие градинарски производи.

Понатаму би сакал да кажам, би сакал да го поддржам членот 7, став 1, каде што стои: контролата на квалитетот на производите што се увезуваат се врши на местото на царинењето на стоките непосредно пред царинењето. Ваквото решение што се предлага во член 7, во многу ќе ја олесни и забрза постапката околу царинењето на земјоделските прехранбени производи. Би сакал, да кажам каква е состојбата сега. Во многу царински терминали каде што се врши увозно царинење на земјоделски прехранбени производи нема служби за контрола и утврдување на квалитетот на прехранбените производи, односно непос- тои републички пазарен инспектор. Така на пример увозницит што ца- ринат во Штип земените проби ги носат во Скопје, заради анализа и утврдување на квалитетот на прехранбените производи. На овој начин увозниците губат многу време. Увозните трошоци се зголемуваат, се плаќа за продолжен престој на камионите во царинските терминали , се плаќа за специјално возило за пренесување на пробите од прехран- бените производи итн. Досега сета оваа увозно - царинска постапка

беше скапа и траеше подолго време. Добро би било ако Министерството за стопанство навистина создаде услови за реализација на член 7, односно да обезбеди услови за целосна контрола на квалитетот на производите што се увезуваат да се врши на местото на царинењето на стоките.

Со членовите 17, 18, 19 и 20 се определува кој врши надзор на работата на правните лица на кои им е доверено да вршат контрола на квалитетот, а воедно се определува вршењето надзор на производите што се извезуваат и увезуваат, а за кои е веќе издадено сертификат за квалитетот. Меѓутоа би сакал да кажам дека член 19 став 2, недоволно е јасен. Имено, со членот 19 став 1, се определува Републичкиот пазарен инспектор дека може да врши повторна контрола на квалитетот на производите за кои е издадено сертификат од правното лице додека пак во став 2, од членот 19, е предвидено за производите наменети за увоз, за извоз повторна контрола на квалитетот на производите може да се врши од местото на товарот на тие проводи до границата, а за производите што се увезуваат контрола да се врши од границата до седиштето на купувачот на големо.

Овде јас би сакал да укажам дека ставот 2 од член 19 не може да се примени при вршењето на надзорот од страна на републичкиот пазарен инспектор. Тоа е невозможно. Ако еден камион со прехранбени производи влезе на еден од нашите гранични премини на самата граница се вообичаените царински прегледи фитосанитарни, ветеринарски санитарни прегледи, потоа на возилото повторно се става пломба и тоа се упатува на еден од царинските терминали во РМ. И сега ако републичкиот пазарен инспектор сака да изврши надзор односно да го примени член 19 став 2, тогаш треба да го заустави камионот на сред пат

меѓу границата, на пример царинскиот терминал во Штип и на отворен простор да врши надзор на квалитетот на производите. Јас прашувам има ли законска можност Републичкиот пазарен инспектор сам да го зауставува возилото меѓу границата и царинскиот терминал од внатрешноста на Република Македонија и без присуство на царин- работник ски да ја скине пломбата и да го отвора возилото. Затоа, укажувам од потребата за допрецизирање на членот 19. Укажувајќи на овие мали и кратки забелешки во целост, освен ова што го укажувам како примедби, другите членови што се како концепт на законот јас лично го поддржувам и ќе гласам за законот.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувасни пратнеици, почитуван министре и претставници на влада,

Го поддржувам предлогот на законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет и мислам дека ќе воведе еден ред во трговијата во Македонија. Меѓутоа, еден елемент кој што и колегата Каров го изнесе, а кој мислам дека е најбитен не е доволно јасно овде прецизиран. Имено, секоја држава при увозот на земјоделски артикли било тоа да е зеленчук, или овшје прва и најважна контрола е, дали има пестициди и отровни да кажам елементи над дозволената граница. Овде стои во еден член дека физичко хемиските особини се тие што ќе се контролираат и други квалитети итн., и мислам дека тој елемент е најбитниот. Ова друго дали ќе бидат доматите со пречникот 5 см., 7, и 10 тоа пазарот ќе каже дали се добри, или не. Ние можеме да кажеме дека изгледот на нашите артикли е добар, дека одговараат на она што е договореното меѓутоа кога ќе појдат по земјите на западна Европа, во Европската

Унија, тие прво ќе проверат дали имаат пестициди и ако имаат ќе ги вратат, а се друго може да е исполнето. Истото се однесува и при увозот. Од прилика пред две години поставив прашање дали се врши контрола на овошјето и зеленчукот пред продажбата, дали има над дозволената граница пестициди и во тогашното мое пратеничко прашање во одговорот гласаше дека при увозот се врши контрола. Меѓутоа овде во законот тоа не е децидно јасно и ако не се врши таа контрола , тогаш овој закон мислам ќе изгуби барем 70% од своето значеше, иако не ги спорам неговите други членови.

Втора работа што е најважно ние немаме регулирано за производи домашни артикли за домашен пазар. Мислам дека е ред до Министерството за стопанство кое го подготвува ова потребно е и тоа да се регулира, односно да се донесе закон за домашни производи на домашен пазар. Ние воопшто не знаеме кога купуваме домати или јаболко или круша или било кој артикл, колку пестициди има внатре, ниту пак некој врши контрола. Во сите развиени земји најважно значење при сите контроли пред продажбата ја имаат содржината над пестицидите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор заменик министерот за стопанство Благоја Петрушевси.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Како предлагачи на законот должиме едно објаснување во дискусијата на г-динот пратеник дека содржината на пестициди, тешки метали и други отрови не е предмет на овој закон. Тоа е предмет на законот за здравствена исправност на производите за општа употреба и е сместено и се регулира со тој закон, а не со овој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 12 став 1 и 13 став 1 и 2, член 13, став 4, и член 21 став 1, точка 4.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Дане Милошевски, поднесе амандмани на член 8 став 1, член 9 став 1 алинеја 3 и став 2, член 10 став 1 и на член 16 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Дане Милошевски, поднесе амандман на член 9 став 1 алинеја 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров, поднесе амандман на член 19 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 од ставот 1, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петрушевски, заменик министер за стопанство

Давате предност на господин Каров предлагач на амандманот.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Јас не слушнав малку подетално образложение во кој друг закон е предвидено задолжително вршење на хемиска анализа за остатоците, односно резуидите на пестицидите во земјоделските производи. Единствено што сега можев да разберам дека не е предмет на овој закон и во тој случај јас би го повлекол амандманот. Меѓутоа, како квалитет на земјоделските производи сега воопшто не стои кои параметри ќе се испитуваат како квалитет на земјоделските производи. Разбирам ако се други прехранбени производи, меѓутоа како квалитет на што Министерството, еве предлагачот на Законот мисли кои параметри, кои особини би се испитувале за да се докаже квалитетот на земјоделските производи. Ако со тоа бидам убеден и биде разјаснето во тој случај амандманот ќе го повлечам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Петрушевски, заменик министер за стопанство.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Согласно Законот за стандардизација, се предвидува пропишува» на одделни правилници и за контрола на квалитет во оваа смисла во која дискутиравте вие, така што таа материја е регулирана со Законот за стандардизација односно со подзаконски акти во форма на правилници за контрола на квалитет и таму е точно, децидно пропишано која контрола што практично бара кај еден производ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Илија Каров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратеникот Дане Милошевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Милошевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 алинеја 3 и став 2 поднесен од пратеникот Дане Милошевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Дали останувате на амандманот, господине Милошевски? (Да)

Господине Петрушевски имате збор

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Првиот дел од амандманот го прифаќаме а јас мислам дека пратеникот има формулирано амандман кој е целовит и треба да се прифати следниот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Милошевски има збор.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Овој амандман јас ќе го повлечам со оглед дека имам поднесено друг амандман кој е во скратена форма и се однесува само на членот 9 став 2 алинеја 3. Вториот став од амандманот се повлекува. Овој амандман е повлечен.

VIII/3.-

**ТИТО ПЕКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 алинеја 3, поднесен од пратеникот Дане Милошевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Дане Милошевски.

Го повлекува амандманот господинот Милошевски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 и член 13 став 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман затоа што значи допрецизирање или уточнување на текстот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Од истите причини Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 поднесен од пратеникот Дане Милошевски.

Го повлекува амандманот господинот Милошевски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Останувате на амандманот, господине Каров.(да)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман, затоа што значи допрецизирање на намерата на членот и на законот вкупно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 точка 4, по сен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амаднман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник гласаше за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбени производи во надворешно трговскиот промет.

Преминуваме на 6-та точка - Предлог за донесување на закон за основање јавно претпријатие Македонска Радио Телевизија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, поаѓајќи од значењето кое го има радиодифузната дејност во задоволувањето на интересите и потребите на граѓаните на сите субјекти во државата, донесувањето на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска Радио Телевивија треба да овозможи извонредно значајните уставни гаранции во сферата на слободите на човекот и граѓанинот да добијат свој полно почит низ слободата на информирањето и посебно низ јавниот радиодифузен сервис. Основањето, дејноста и организацијата на јавното претпријатие Македонска радио телевизија овозможува во оваа област да се почитуваат сите вредности, начела содржини и гаранции во политичкиот и демократскиот амбиент на државата.

Новиот закон за радиодифузна дејност кој е донесен во април . во оваа година и кој својата правна суштина е системски закон во оваа област определува дека Македонската радио телевизија својата дејност

ја врши на територијата на Република Македонија. Исто така треба да се нагласи дека сегашното јавно претпријатие МРТ се трансформира во две јавни претпријатија чие работење и организација и дејност се уредува со овој и со посебни закони. Сето тоа треба да придонесе и овој јавно правен организам да добие своја афирмација и потврда на пазарот со квалитет, рационалност и рентабилност, како и надминување на слабостите кои досега произлегуваат од концентрацијата на сегашните фундаментално техничко - технолошки можности во единствен правен субјект, што логично има за последица соодветен монополизам, а следствено на тоа и други консеквенции.

Остварувањето на слободата на информирањето, а во суштинска смисла на зборот и слободата на мислата и нејзиното слободно изразување слободата на говорот, јавниот настап, слободниот пристап на информациите, слободата на примање и предавање на информации во современиот македонски амбиент е тесно врзана со промовирањето на јавниот интерес во вршењето на радио дифузната дејност, пред се заради значењето на овие медиуми. Јавниот интерес во оваа дејност произлегува од уставната одредба за грижата на државата во поглед на создавањето и емитувањето на радио дифузните програми, од национален стратешки карактер за државата. Ова пред се заради тоа што овој вид на информирање задира во остварувањето на со устав загарантирани права и слободи на човекот и граѓанинот за зачувување на културните и етничките особености на националностите и негување на нивниот идентитет, за создавање, емитување на програми наменети за припадници на македонскиот народ во соседните земји и на иселениците од Македонија во други земји, како и за програми во кои се презентираат културните, националните и другите вредности и достигнувањата на Република Македонија.

Низ системот на самофинансирање и помошта на државата и конкуренцијата на пазарот ќе се стимулира свртувањето кон рентабилноста

VIII/6.-

во работењето и влијанието на вредносните достигнувања и квалитети. Мошне значаен елемент за овие процеси е ориентацијата, одржувањето и користењето на фундаментално техничко-технолошките капацитети на радиодифузијата за да се доверат на нов правен субјект, јавно претпријатие кое се бави со дејноста на предавателите и врските.

На тој начин, јавниот правен статус на Македонската радио телвизија нема да биде можност за алиби на монополско однесување или пак за замаглување на целите кои треба да бидат задоволени односно остварени со прогласувањето на јавниот интерес во оваа област и со определување на јавно правниот субјект за таа дејност. Законот за чие донесување се предлага се заснова врз следните основни начела: остварување на јавниот интерес на граѓаните во радио дифузната дејност, вистинско и навремено информирање, зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво, почитување на пазарните законитости и во остварувањето на радиодифузната дејност, отвореност за слободна конкуренција и информирање на различни политички идеи, културни и други тенденции и мислења, самостојност, независност и одговорност на Македонската радио телевизија.

Законот содржи седум глави и тоа основни одредби, дејност на македонската радио телевизија, организацијата на куќата, органите на управувањето, статутот, финансирањето и преодните и завршните одредби

Во основните одредби е дефинирана положбата на јавното претпријатие чиј основач е Собранието на Република Македонија.

Во делот на главата за дејноста на Македонската радио телевизија се определени основните задачи и функции кои влегуваат во вршењето на дејноста на македонската радио телевизија и особено основните постула1 врз кои се засноваат програмите на Македонската радио телевизија во вршење на јавната дејност во оваа област.

VIII/8.-

Во главата на организацијата на МРТ се определени главните детерминанти на организацијата на Македонската радио телевизија во поглед на задоволување на јавниот интерес во оваа област.

Во главата на органите на управување на јавното претпријатие се обработени прашањата на управниот одбор, одборот за контрола, генералниот директор, како и другите органи утврдени со овој предлог на закон. Содржани се одредби за нивниот избор, надлежностите и мандатот, согласно карактеристиките на секој од овие органи. Во рамките на оваа глава се опфатени и одредби на програмските совети на Македонското радио и Македонската телевизија.

Во главата што се однесува на статутот на Македонската радио телевизија се содржани прашањата кои треба да бидат утврдени со статутот како и тоа дека согласност на статутот и другите акти утврдени со за! дава основачот во случајот Собранието на Република Македонија.

Во делот на финансирањето се обработени прашањата сврзани за финансирањето на дејноста на радио дифузната дејност во согласност с Законот за таа област.

И во завршните одредби се содржани одредби кои уредуваат битни прашања сврзани со преодниот период во конституирањето на јавното претпријатие во согласност со овој и другите закони. Посебно тука сакам да го нагласам уредувањето на статусот на локалните радио станници во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, потребата од донесувањето на овој закон за основање на јавното претпријатие Македонска радио телевизија произлегува од операционализацијата

на односната одредба од условно да кажам основниот закон за радио дифузна дејност и во таа смисла неговата потреба и неопходност од донесуваше е неспорна.

Меѓутоа, концептуално во содржината на овој закон основни се најпрво две забелешки. Првата забелешка е македонската радио телевизија како јавно претпријатие, што е инаку во согласност со Законот за радио дифузна дејност, со овој закон се предлага во еден концепт на така да кажам јавно претпријатие со поделена улога и статус на радиото и телевизијата што нормално ја слабее единственоста на организацијата како јавно претпријатие од една страна, а од друга страна со тоа истовремено се намалува и улогата и надлежностите на генералниот директор, кој како работоводен орган фактички преку кого е изразен јавниот интерес, бидејќи него го именува Собранието за сметка на улогата,надлежностите и афирмацијата во таа насока на директорите на радиото односно директорот на телевизијата.

Воопшто како втора забелешка делот на решенијата што се однесуваат на раководењето и управувањето со јавното претпријатие Македонска радио телевизија не го изразуваат или не го афирмираат јавниот карактер на ова претпријатие од јавна дејност во областа на информирањето. Во која смисла? Во смисла, покрај тоа што генералниот директор го именува Собранието на Република Македонија, во однос на она што значи јавен карактер, бидејќи овде се однесува за остварувањето на уставните и законските права на реално, објективно и целосно информирање како право и слобода на по уставот и законите на сите граѓани од една страна, финансирањето на ова јавно претпријатие се врши со јавна давачка единствна по износ од сите граѓани обврзници на радиодифузна такса, додека со решенијата за именувањето и составот на управните органи и нивната натамошна улога во делот на именувањето на програмските совети фактички се минимизира и во прва форма се врши рестрикција на јавниот карактер

на органите на ова јавно претпријатие. Во која смисла? Управниот одбор кој ја има надлежноста да го бира програмскиот совет, фактички се става во улога на репрезентант на јавниот интерес, а во многу соседни и развиени европски парламентарни земји, каде што плидираме и ние, фактички јавниот интерес е уреден а и така треба да биде во делот на улогата и надлежностите на програмскиот совет.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Програмскиот совет треба да го бира Парламентот, а не Управниот одбор и во неговиот состав покрај надлежноста за именување и со застапеноста на членството во составот, фактички е изразен и јавниот карактер на управување со јавното претпријатие МРТ. Во која смисла? Во смисла, не како што стои во предлогот за донесување на закон тоа да бидат истакнати стручни и компетентни лица од областа на информирањето, културата, уметноста и тн., но пред се тој јавен интерес треба да биде изразен во членството на составот на програмскиот совет, пред се со претставници предложен од партиите кои се учесници односно кои партиципираат пратеници во Парламентот во РМ, покрај нив тоа право да го имаат и други корпорации односно асоцијации кои еве имаат додирни функции и надлежности во однос на оваа јавна дејност МРТ.

Исто така една од содржинските забелешки, покрај овие напред кажани концепцијални е во делот на тоа што поради ваквата улога на програмскиот совет, сметам дека треба да претрпи одредени подобрувања кои ќе бидат во правец на јакнење на извештајноста. Покрај стандардниот надзорен орган за контрола на материјално-финансискиот дел во делот на извештајноста и контролата неопходна улога треба да има и програмскиот совет, а преку него и Парламенто1; како изразени репрезенти на јавниот интерес во делот како на програмското работеше така и на финансиско-материјалното работење на МРТ.

Во делот на содржината отсуствува уредување на односите. Прво, политичката пропаганда треба да биде забранета со делот на

уредување на односите за програмата за работа на МРТ, тоа од една страна, а од друга страна треба да се уреди само во изборните компании да биде дозволена политичка пропаганда. Овде треба да се уредат односите, тоа да биде благовремено јавно објавено од МРТ за програмскиот термински план за рамноправен настап на политичките партии и на претставување на кандидатите на политички партии во изборната кампања.

Една од забелешките е и доста минимизираната, или без малку отсутната улога на советот за радиодифузија. Посебно би се задржал на членот 30 кој ја регулира веќе започнатата процедура на она што значи отстранување или ослободување од основачките права за локалните јавни медиуми. Со овој закон тоа дефинитивно односно тие оснивачки права од страна на државните органи да се пренесуваат на локално ниво. И едноставно се остава нивната судбина за остварување на јавниот интерес на локално ниво да се уредува со единиците на локалната власт со тоа што се дава право на постој! јавни локални радио телевизии, дејноста да ја вршат во постојните општини пред територијалната поделба на РМ.

Сметам дека овде се прави едно дефинитивно ослободување на министерството и Владата од досега често искористуваната улога на јавно информирање на локалните јавни медиуми, од една страна и се оставаат на финансирање кое е обезбедено со постојниот закон за радиодифузна такса затоа што е општо познато е доста минимално за едно редно вршење на дејноста на постојните радио-телевизиски локални медиуми. Фактички останатиот дел се пренесува за финансиран на нормално и редовно вршење на јавната дејност за информирање на

локалните медиуми, на локалните самоуправи односно на општините и фактички за едно квалитетно јавно информирање на граѓаните во општините произлегува една двојна обврска. Едната е преку она што значи радио-дифузна такса и делот што се издвојува за локалните медиуми и вториот е преку изворните приходи на локалната власт, што нормално за овие консументи на јавно информирање во локалните интереси значи едно двојно оптоварување и нерамноправна положба.

Сметам дека нема оправдување, да изразам една констатација за ослободување од основачките права на органите на власта од локалните медиуми. Има коментари дека тоа ослободување покрај другото и заради одржување на постојната коалиција на СДСМ со ПДП, што не е за оправдување и фактички значи, преку политички интерес за одржување на таа активна коалиција, се врши и деградирање на јавниот интерес во информирањето преку овие локални радио телевизии на ниво на локални единици. За нив, исто така, не се предвидува бидејќи тие се многу битен фактор во информирањето од, така да кажам, условно, теренот. Не се предвидува и програмски простор во таканаречениот трети канал за тој сознанијата се дека се градев преку досегашниот систем на финансирање на радио телевизиската дејност од сите граѓани на РМ, а организационата опфатност преку овој трет канал е на 50% од територијата на Републиката со 70% од населението меѓу кои не спаѓа на пример територијата на општина Кавадарци. Тоа е една од формите на нерамноправност на тие граѓани при што најмногу забелешките се при преносите на седниците на Парламентот кога заради префрлање после 17 часот на трети канал седниците на Парламентот, овие граѓани се спречени и со тоа се ставени во нерамноправна положба да ги следат

седните на Парламентот, а таксата за тебе и тие ја плаќаат. Има предлози кои се упатуваат до претставникот на Владата, преку овој трет канал, да се овозможи, покрај простор за комерцијалните ТВ и програмски простор за локалните јавни радио телевизии со што на некој начин ќе се обезбеди и квалитет во користењето на програмските емисии на локално ниво со обезбедувањето на програмски емисии преку МТВ преку овој трет канал, без надоместок да се користат и на локално ниво во општините, а нормално преку локалното ниво и информирање за актуелности по општините со што би се добил еден спектар на пошироко информирање на ниво на Републиката.

Не е на одмет, бидејќи ние како пратеници сега имавме отсуство од можност за разгледување на извештај за работата на МТВ, и во оваа прилика да се укаже на проблемот со радиодифузната такса.

За информирање, да не кажам за поздравување е и тоа што во праксата, конкретно во општина Кавадарци, за разлика од претходниот период и за разлика од она што не е законско решение, се изврши пооделна наплата на радио дифузната такса од наплатата на електричната енергија што беше и мое пратеничко прашање. Тоа е во ред. Но, еве еден повод по повод расправата на овој закон, повторно, бидејќи тоа е голема реакција кај граѓаните од општина Кавадарци и сигурно на ниво на Републиката повторно да се преиспита, она што беше и амандман на пратеничката група на ЛДП и мои, за висината на радиодифузната такса, односно за нејзината неселективност. Така да единицата домаќинство, по радио телевизиски приемник кој што не е селективен ги опфаќа во

една нерамноправна положба по домаќинство различните структури со примања, граѓани како носители на домаќинство, да се преиспита она што и при донесувањето на законот за радио дифузна такса беше предлог на ЛДП, а тоа е, оние семејства кои се на минимум на егзистенција и кои се со минимална плата или приматели на социјална помош, да бидат ослободени од плаќањето на радио дифузната такса.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер за сообраќај и врски, почитувани пратеници,

Јас ќе се обидам да дадам скромен придонес во расправата по овој, според мене многу значаен закон. Затоа што регулира материја која има директен допир со развојот на демократските процеси во нашата држава.

Прво, мислам дека е добро што денес расправаме за овој закон. Меѓутоа, ценам дека не е во ред предлогот на Владата за овој закон да расправаме по скратена постапка затоа што ценам дека Владата имаше сосема доволно време на располагање, по донесувањето на законот за радио дифузна дејност, тоа беше во април месец. досега да подготви еден ваков закон, посебно ако се има предвид фактот дека законот така како што е направен не е некој служен, ниту обемен закон, па на Владата да и треба толку многу време аз негово подготвување и доставување во собраниска процедура. Посебно ако се има предвид фактот што државите кои го минат патот што ние го минеме како земји во транзиција или постомунистички земји, далеку пред нас ги донесоа овие закони.

На пример Хрватска и Словенија овие закони ги донесоа заедно со Законот за радио дифузија, веднаш после 1990 година, а во Словенија за националната телевизија во 1994 година. Значи, ние заостануваме со години зад државите кои ни се најблиску во таа споредба, по патот што треба да го минеме.

Мислам дека не е во ред постапката да разговараме во забрзани рокови, затоа што има концепциски поинакви размислувања, лично од моја страна и од страна на мојата партија и луѓето експерти кои ги консултиравме во подготовките за настапот на денешната седница. Меѓутоа, за тоа би сакал да зборувам подоцна.

Овој закон би требал ода ги вгради искуствата и препораките од државите кои имаат донесено вакви закони и препораките од Советот на Европа. Затоа уште при приемот на Македонија во членството во Советот на Европа, за Македонија беше дадена оценка дека Македонија заостанува во областа на регулирањето на секторот на медиумите и дека во тој правец треба да преземе соодветни мерки за да има квалитетно напредување.

Првиот чекор Владата и Парламентот имаа прилика тоа да го направат со донесувањето на Законот за радио дифузна дејност. Меѓутоа, според мене недоволно успешно, затоа што некои хендикепи што ги има овој закон за што расправаме денес, баш произлегуваат од тоа не беа прифатени одредени забелешки од мојата пратеничка група по тој закон, како и забелешки од експертизата на Советот на Европа кои беа мошне важни за суштинскиот карактер на регулирањето на работите на овој закон.

Второ многу важно е за овој закон што тој самиот по себе е хендикепиран затоа што не може комплетно да ја регулира оваа материја, бидејќи може да регулира само одреден сегмент затоа што добар дел од работите се регулирани со законот за јавни претпријатија, со законот за радиодифузна дејност и со законот за телекомуникации, на некој начин е обврзан да ги следи тие работи што се дефинирани во законите за јавни претпријатија радиодифузија и телекомуникација.

Велам дека е голем хендикеп за овој закон тоа што е регулирано со законот за радиодифузна дејност, затоа што тогаш не беа прифатени препораките од Советот на Европа во експертизата и предлозите на пратеничката група на ЛДП околу две суштински работи. Околу поставеноста на Советот за радио дифузија, начинот ан неговиот избор и самите овластувања, затоа така како што беше донесен законот многу е осакатен Советот за радиодифузија затоа што тој на некој начин претставува советодавно тело на Владата, затоа што не може сам да одлучува, на пример за доделувањето на концесиите или за распределбата на средствата од радиодифузниот надоместок што го плаќаат граѓаните иако тој е дефиниран со законот, туку советот дава предлози и сугестии до Владата, а одлучува Владата. Тоа значи дек советот не е воопшто независно тело, туку многу лесно може да се подведе под влијание на актуелната власт Во таа смисла би сакал да ве замолам како пратеници од позицијата и претставници од Владата, да бидеме малку пошироки во разгледувањето на овие прашања, затоа што енлива работа се работите кои ќе биде сега на власт и во опозиција, затоа што веќе на следните избори

или на некои следни може драстично да се смени состојбата. Наша обврска е да ги донесуваме законите така како што личи. Да се обидеме на најдобар начин да ги поставиме работите според искуствата од другите држава, а не да ги поставуваме така како што мислиме дека во овој момент најмногу ни одговара, посебно во пресрет на изборите за да имаме соодветна контрола врз еден така моќен медиум како што е МРТ, според мене убедливо најмоќниот медиум во РМ.

Во врска со значењето на донесувањето на овој закон мислам дека постапката и одредниците од овој закон се многу важни и за самите луѓе во МРТ затоа што таму се вработени околу 2000 луѓе од кои 200 се во досегашната организациона единица предаватели и врски, со многу недефиниран статус, со многу лоша материјално финансиска состојба заради ниските примања и поради можноста во одредени ситуации новинарите да на можат професионално- и одговорно да ја вршат својата функција затоа што така како што се поставени работите често може да бидат изложени на влијание ан одредени политички партии кои ја имаат власт во РМ. Затоа е многу битно како ќе се постават работите затоа што МРТ како јавен сервис на граѓаните на РМ кој во огромен дел се финансира од давачки на граѓаните, треба да се заштити од монополот, влијанието и директното мешање во уредувачката политика од било која политичка партија на власт. Од тука произлегува и првата концепциска и суштинска разлика од каде произлегоа и толкавиот број на амандмани што ги дадовме од пратеничката група на ЛДП, затоа што мојата оценка е дека концептот на законот што се предлага не гарантира во доволна мера заштита на МРТ како јавно дифузно претпријатие

од влијанието на политички партии кои се наоѓаат на власт во РМ, поради начинот на избор на органите на управување, на раководење и на самите програмски совети.

Меѓутоа, пред тоа, веројатно, требаше да кажам околу самиот концепт на законот, во врска со издвојувањето на досегашната организациона единица предаватели и врски од системот на МРТ. Тоа како пракса постои во некои држави. Меѓутоа, во државите кои досега граделе таков систем на радиодифузно претпријатие, како што го имаме ние МРТ, каде што паралелно се градени радиото и телевизијата во една целина со системот на предаватели и врски е избегната можноста за нивно издвојување.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Јас тука поставувам едно прашање до министерот, затоа што не ми е јасно во овој концепт што се предлага дали издвојувањето на предаватели и врски од рамките на Македонската радио телевизија знаејќи дека во РМ само тоа јавно претпријатие ќе располага со мрежата на предаватели и врски, или тоа значи ќе им биде дозволено на комерцијалните радиодифзни претпријатија, да ги спомна, да речеме А-1 и СИТЕЛ како најмоќни, да градат паралелна предавателска мрежа во РМ. Колку што јас ги следев двата закони, затоа што многу работи треба паралелно да се гледаат, не е јасен концептот на Владата. Одтука, јас заклучувам дека овој концепт што го нуди Владата има смисла и е добро решение само доколку со издвојувањето на предаватели и врски по посебно јавно претпријатие се овозможува подобра ефикасност, функционалност и комплетно извршување на сите обврски и што претстојат пред тоа претпријатие и овозможување на рамноправен пристап до предавателите и врските според одреден ценовник на сите комерцијални радиодифузни претпријатија во РМ. Доколку тоа не го подразбира односно законодавецот овозможува. СИТЕЛ и А-1 да градат парарелни мрежи во Македонија како што е случај сега. Знаеме дека сам0 предавателот на А-1 крј е на Водно и кој беше изграден без соодветна документација, Владата го зема под свое, додека сите други предаватели што се изградени и од А-1 и од СИТЕЛ се без соодветна документација. Дали тоа подразбира дека Владата ќе преземе соодветни мерки овие предаватели да ги вгради во системот на предаватели и врски на јавното претпријатие, а за сметка на тоа да ги ослободи од плаќање надоместок СИТЕЛ и А-1, без разлика која друга телевизија или радио во наредниот период од поаѓање на придонес за цената на тоа колку што тие инвестирале во изградбата на тие предаватели и врски. Ова

е многу суштинско прашање за РМ и мојот став е дека државата не треба да си го дозволи луксузот во оваа мрежа во оваа област да дозволи паралелно функционираше на мрежи на комерцијалните радиодифузни претпријатија, туку јавното претпријатие треба да ја врши таа услуга, се разбира договорно со останатите радиодифузни претпријатија.

Вториот концепциски недостаток на овој закон е што концептот што го предлага Владата не гарантира дека Македонската радио телевизија ќе биде ослободена од влијанието на политичките партии во РМ кои во времето за кое се разговара се наоѓаат на власт. Различни се искуствата во повеќе држави во Европа, барем од тоа што можев јас да го прочитам, подготвувајќи се за оваа седница, па сакав да ви презентирам како илустрација да имате претстава како тоа го регулирале некои кои далеку отишле пред нас. Се работи за две различни концепции во следната смисла.

Владата на РМ предлага формирање на управен одбор од страна на Собранието , кој потоа би> ги избрал програмските совети на радиото и телевизијата. Праксата во најголемиот дел од европските држави е сосема спротивна. Програмските совети односно советите како се нарекуваат или управни бордови се бираат од страна на Собранието на РМ, а потоа тие бираат управни одбори или управните одбори се директно бирани од Парламентот. Мислам дека Министерството не ја сватило доволно суштината што треба да претставува и чиј интерес треба да брани тој Совет. Дали ќе се нарече програмски или поинаку, не е важно, самиот факт што тој совет би се бирал од Собранието, имајќи предвид дека секогаш одреден круг на политички партии можат да направат мнозинство во Собранието, наведува на тоа дека задолжително ќе се овозможи политичко влијание врз работата на Советот односно Управниот одбор кој треба да ја контролира Македонската радио телевизија, а треба ситуацијата да биде обратна. Бидејќи се

работи за јавен радиодифузен сервис би требало советот што ќе се формира да биде едно повисоко тело во кое дел од членовите ќе бидат избрани директно од Парламентот, а дел би биле избрани односно би влегувале по функција од најразлични институции во државата, како што се универзитетите, МАНУ, да речеме. екологисти , организации на жени , верски организации, организации на млади , синдикални органзации, организации на работодавачи, и тн, како што е тоа впрочем многу добро речено во Словенија или во Хрватска или во некои други земји. На тоа веднаш се поврзува и податокот кој го бира генералниот директор како многу суштинска работа кога би ви ги кажал следните податоци. Генералниот директор во следните држави е директно биран од Парламентот и тоа: Белгија, Бугарија, Хрватска, Естонија, Финска Молдавија, Романија и Шведска. Само во Израел генералниот директор на националната радио телевизија го бира Владата. Додека од управен борд односно од Парламент, управен одбор кој е избран од Парламентот се врши изборот во следните држави на генералниот директор. Во Австрија, Кипар, Чешка, Данска, Франција, Грција, Исланд, Италија, Литванија, Полска, Португалија, Словенија и Англија. Значи, во многу повеќе држави во Европа генералните директори се бирани од управните одбори избрани од Парламентот, а не директно од Парламент.

Исто така, многу е битно прашањето кој врши надзор врз работата на јавниот радиодифузен сервис, како што е МРТ. Во следни држави Парламентот врши директен надзор односно негово работно те комисија или нешто слично. Тоа е како пракса во Белгија, Бугарија, Кипар, Естонија, Финска, Италија, Молдава, и Норвешка. Контролата од страна на независен општествен орган и од претставници на власт и јавноста се врши во следните држави. Тоа се Австрија, Франција, Грција, Исланд, Ирска, Малта, Холандија, Полска, Португалија,

Романија и Шведска. Значи, со голем број на држави и од страна на управен одбор кој со закон е ибзран во Парламентот во Хрватска, Чешка, Данска, Германија, Израел, Литванија, Словенија , Шпанија и Англија. Што значи дека постои различна пракса , меѓутоа колку што јас успеав да ги споредувам овие компаративни показатели, тоа што го имаме ние кај нас веројатно ретко каде го има и можеби не е толку криво министерството, затоа што некои работи се влечат како недостаток од концепциските промашувања при донесувањето на законот за радиодифузна дејност, заради намалените ингеренции на Советот за радиодифузија каде што во многу држави ја игра таа улога како широко општествено тело кое е задолжено за следење на работата на јавниот радиодифузев сервис.

Долго време размислувавме околу тоа дали треба во овој закон да предложиме решенија со кои ќе се регулира односот на јавниот радиодифузен сервис пред парламентарните, претседателските и изборите на локалната самоуправа и за градот Скопје, затоа што дел од тие работи се определени со други закони, а постои можност да се определат и со законот за избор за пратеници. Меѓутоа, бидејќи се работи за многу важна институција и силен медиум со многу големо влијание врз јавноста на РМ , сметаме дека неколку начелни одредби би било пожелно да се стават и во овој закон во смисла дека во програмите на МРТ е забранета политичка кампања , што подразбира емитување на спотови и други дневни активности, во целиот период , освен кога со закон почнува предизборната кампања. И потоа да се вгради обврската дека на програмите на МРТ треба да се овозможи рамноправен пристап на сите политички партии во време на изборната кампања. Размислувавме околу тоа дали треба да се стави некое ограничување во врска со цените, дали треба да се дозволи јавниот радиодифузен сервис астрономски да ги зголеми цените во време на изборната кампа

за да профитира од тоа, меѓутоа мислиме дека е тоа прашање кое може да се реши со некои други акти кои во подоцнежниот период ќе ги носи Собранието. Веројатно, ќе донесеме и одлука за рамноправно медиумско претставување на политичките партии со кандидатите за време на изборите во медиумите во РМ.

Би завршил со тоа дека нашата одговорност е голема за тоа за какво законско решение ќе се определиме. Пратеничката група на ЈВДП предлага или бара , до колку не и се брза толку многу на Владата, за да може уште еднаш да се навратиме на овој закон, да расправаме денес само за предлогот за донесување на закон, значи, сепак законот да оди во две фази, за да бидеме уверени дека решенијата што ќе ги донесеме, навистина ќе бидат добри и дека ќе овозможат многу квалитетно регулирање на оваа материја во нашата земја во наредниот период затоа што мислам дека покрај со одредбите од законот за радиодифузија овој закон е толку многу важен што според неговите одредби, не само во Советот на Европа, туку и во другите меѓународни институции ќе ја проценуваат Македонија дали напредувала во развојот на демократските процеси или не и тоа ќе биде многу поважно и со поголема тежина отколку било кои наши декларативни залагања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шапуриќ има збор.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници и повереници на Владата!

Пред нас се наоѓа еден многу важен закон кој го регулира работењето на МРТ. Овој важен закон го регулира работењето на еден многу важен сервис кој се финансира од јавна давачка на граѓаните, тоа е радиодифузна такса во висина од 2,5% од просечна плата во РМ која се зголемува согласно зголемувањето на овој просек на платата.

Без оглед на тоа што еден добар дел од населението не прима воопшто плата или пак прима плата или други надоместоци значително под оваа просечна плата. Како што ви е познато пратеничката група на ЛДП се залагаш!е за значително пониска такса и сеуште стои на тоа согледу-ваше, бидејќи смета дека намалувањето на радиодифузната такса би било во интерес и на самите ТВ куќи, како и во интерес на граѓаните. Во секој случај се работи за еден јавен сервис, кој треба да ја врши јавната функција за која граѓаните се мошне заинтересирани, бидејќи за тоа и плаќаат. Би требало да се запрашаме дали овој предложен концепт за закон овозможува подобра организација на работење, односно подобро вршење на јавниот интерес, а во крајна функција на подобра и поквалитетна програма. Некои согледувања и коментари можат да се сретнат и од стручни кругови дека, токму после усвојувањето на законот на радиодифузии и некои други прописи , квалитетот на програмата е значително опаднат, наместо сега кога финансирањето е релативно решено и кога е релативно осамостоено од буџетот, да се подобри тој квалитет на програма. Оттаму , мислам дека една од основните функ-ции на овој закон односно крајната консеквенца на се ова би била подобра и поквалитетна програма.

Бидејќи граѓаните ја плаќаат таа јавна давачка, би требало секако, да имаат влијание во уредувачката и севкупната политика на МРТ и тоа застапени преку разни структури на граѓани. Би требало, како што беше кажано да се формира совет , а во кој би биле репрезентирани пошироки интереси и во кој би биле застапувани претставници од разни структури на граѓани и разни струкови здруженија, на пример, МАНУ, Универзитетот, претставници на културните институции односно установи, еколошки друштва, здруженија на хендикепирани граѓани, спортски здруженија, синдикати, стопанска комора, Црвениот крст, пензионери, организацијата на жените и сл. Ваков пример имаме во

многу други земји и тоа беше кажано од претходните дискутанти , не би ги повторувал земјите кои на овој начин е регулирано тоа. Со ваков широк состав на совет би се презентирал интерес на разни групации на граѓани и многу посеопфатно би се обезбедило презентирање на јавниот интерес, што би требало да биде примарно во делување на сите јавни претпријатија, а не само на ова јавно претпријатие врз чие работење граѓаните односно пошироката јавност би требало да има многу поголемо влијание. Во тоа е, всушност, големата концепциска разлика помеѓу ЛДП и нејзиниот концепт за јавните претпријатија и постојниот концепт на јавните претпријатија. ЛДП се залага за целосна јавност и отчетност на сите јавни претпријатија кои се финансираат од граѓаните. ЛДП го нуди овој концепт за работа на јавни претпријатија, кои би требало во буквална смисла да бидат јавни и за ова доследно ќе се залага, без оглед на тоа каква структура има сегашниот Парламент односно идниот Парламент. До колку во наредните парламентарни избори учествува во власта, во многу нешта ќе го измени работењето во оваа сфера. Пред се до колку ЛДП биде во власта на опозицијата ќе и овозможи да го контролира во целост работењето на овие јавни претпријатија преку учество во управните органи, друг органи на управување и на разни други начини. Доследно ќе се залага за целосна јавност на работењето во јавните претпријатија. Знаеме дека сега во структурите на органи на управување во јавните претпријатија нема претставници на опозицијата или пак, не дај боже, претставници на невладини организации или пак струкови здруженија. А така е во многу земји со развиена парламентарна демократија каде што на различен начин е ова овозможено. Ова е, почитувани пратеници, алтернатива која ја нуди ЛДП во оваа сфера односно во сфера на работење во сите јавни претпријатија, не само за ова јавно претпријатие.

Да се потсетиме дека во овие земји со развиена парламентар на демократија на најразличен начин и е овозможено на учество на опозицијата и на јавноста над работата во оваа сфера. Тоа е овозможено преку учество на опозицијата во управните органи на јавните претпријатија, учество на невладините здруженија задолжителни квоти со кои опозицијата учествува во овие органи, начин на избор на овие органи, поголема контрола на парламентот над работата на јавните претпријатија. Како што е познато кога се усвојуваше законот за јавните претпријатија не беа усвоени залагањата на ЛДП, Собранието на РМ кое е поширок репрезент на граѓаните, а не Владата , која што пак ја избира Собранието, има решавачка улога во управување и надзор над работата на јавните претпријатија. Сега имаме, за жал, една ситуација каде што улогата на Собранието во работењето на сите јавни претпријатија е навистина доста симболична. Реков ова се обезбедува во земјите со развиена демократија на разни начини. Така на пример во некои од нив како што е Австрија, заменикот на директорот на државната телевизија е задолжително од редовите на опозицијата, а во многу државни телевизии има задолжително претставници на опозицијата, но и разни структури на невладини струкови организации. Така на пример во Англија во ББС има претставници, здруженија на потрошувачи, пензионери и други организации. Во Словенија, како што беше кажано, постои широк спектар на застапеноста на граѓаните во органите на државната телевизија. Во секој случај ова е едно од ретките претпријатија чиј директор се именува од редовите на Собранието и каде што Собранието има малку за една нијанса поголема улог. во однос на другите јавни претпријатија. Па, оттаму интересот на Собранието над работењето на ова јавно претпријатие и донесувањето на овој закон би требало да биде уште поголем. Досегашната расправа во Собранието и во комисиите покажува дека и покрај тоа што овој закон не е обемен,

вака сериозен закон би требало да се донесе во минимум две фази и предлагачот мислам дека би требало да го прифати тоа. Инаку, на комисиите беше укажано дека се работи за еден не многу обемен закон , па со оглед на тоа би можел да оди во една фаза. Меѓутоа, тежината на еден закон не се мери само по обемноста, така што мислам дека тежината на закон се мери и со самата структура и содржина на закон, па имајќи ја предвид важноста на оваа материја би требало претставникот на Владата да прифати овој закон да оди во две фази. Можеме да се потсетиме дека сме имале и други вакви случачеви каде што во самиот тек на расправата претставникот на Владата односно надлежниот министер се предомислил, па прифатил да оди во две фази, што се покажа како добро, бидејќи во наредната фаза беше донесен многу поквалитетен закон. Да се потсетиме со законот за просторно урбанистичко планирање , некои закони од сверата на земјоделието каде што министерот за земјоделие на самата расправа прифати да се расправа по законот во повеќе фази не само во една фаза.

Понатаму во поглед на самата содржина на законот односно неговата структура би сакал да укажам уште неколку збора сосема накусо, бидејќи и претходните дискутанти доста опширно ги изенсоа своите ставови по овој закон и некои од нив се подудараат, јас не би ги повторувал. Во поглед на генералниот директор сметам дека неоправдано добива многу мали надлежности, се слабее неговата функција и покрај тоа што него го бира Собранието, значи, има поголема тежина. А обратно пак, оние што тој ги именува директорите и програмските уредници добиваат голема самостојност со што може од една страна да се намали неговата улога< и да се сведе на една улога генералниот директор на МРТ на еден координатор, а не суштински директор суштински водител на една таква радио ТВ куќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**: (продолжение)

А од друга страна истрага може и да се разводни одговорноста бидејќи на една страна се надлежности на генералниот или главниот директор, на друга страна на програмските директори и програмските уредници, навистина тој концепт не би овозможил да има јасна претстава кој за што одговара бидејќи е нормално првиот човек, би требало, да одговара, меѓутоа и првиот човек исклучиво да ја води, да има решавачка улога во севкупната полити] на МРТВ.

Сметам дека со овој закон исто така премногу се форсира подвоеноста и посебноста на програмите и тоа на телевизијата и на радиот кои сепак претставуваат една целина и во најголем број на земји се напушта тој концепт кој беше присутен во поранешните земји од таканаречениот источен блок каде што имаше форсирана подвоеност помеѓу радиото и телевизијата, помеѓу државното радио и државната телевизија и сметам дека треба една посилна целина во МРТВ би требало да се форсира посебната како што е нагласено и во самиот закон помеѓу македонското радио и македонската телевизија.

Затоа сметам дека во предложениот закон и во овие предложени амандмани доколку ни се усвои предлогот законот да оди само во една фаза треба да се измени особено во поглед на овластувањата на ген. директор кој треба да има многу поголеми овластувања.

Понатаму, во Законот за МРТВ треба да се предвидат и одредбите кои ќе го регулираат настапот на политичките партии за време на изборите. И покрај тоа што некој кажа дека е во дилема за мене нема

никаква дилема дека токму овој закон треба да го содржи тоа и покрај тоа што веројатно ќе биде содржано во законот за избор на пратеници и во законот за локалните избори имаме дореден одредби или пак одлука за рамноправно претставување на политичките партии во медиумите за време на изборите, сметам дека во овој закон треба да биде регулирано ова. И не само на изборите, туку треба да се даде и еден еквивалент согласно, дали во структурата на Парламентот, дали некој друг критериум, во секој случај би требало да има еквивалент за соодветен третман на сите политички партии и тие сразмерно со својата моќ која би била утврдена со одредени критериуми би требало да имаат право на настап на програмите во овој јавен сервис бидејќи МРТВ е јавен сервис, значи репрезент на сите граѓани, а граѓаните го даваат својот глас на одредени политички партии сметам дека треба да има одредени политички одред би кои што би требало да го регулираат како презентацијата на политичките партии, така и нивниот настап не само за време на избор туку и во меѓу изборниот период бидејќи би можелод а се случи една дисквалификација односно преголемо форсирање на позицијата ви однос на опозицијата.

На крајот само би кажал, иако тоа беше кажано, иако е тоа предмет на друг закон дека навистина е нејасно зошто само македонската радио телевизија би останала без сопствена мрежа за пренос и емитување на радио и телевизиска програма бидејќи само МРТВ не би имала во овој случај можност да има своја мрежа, таа би била одземена, а колку што го разбирам јас Законот, веројатно министерот подоцна че појасни, тоа беше прашањето останатите ТВ к; односно радио куќи би можеле да имаат своја мрежа за пренос и емитување на програма, додека МТВ, односно МРТВ, според мене, неоправдано би била во подредена

положба зад другите радиотелевизиски куќи кои имаат можност да имаат своја мрежа за прием и емитување на своите програми.

На крајот би сакал уште еднаш да апелирам до предлагачите да се согласат овој закон да оди во две фази се со цел да се изгради многу поквалитетен закон бидејќи е доста време чекано на овој закон уште 10, 15 или месец дена не би било премногу односно преголемо доцнење за донесување на овој закон, а мислам дека во наредната фаза Советот за радиодифузија би требало многу поактивно да се вклучи во оваа расправа доколку има таква фаза бидејќи во комисиите не знам дали не беа поканети или не појавија интерес, малку беа сослушани нивните мислења, а единствено денес добивме едно кратко списание од нив.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дн Беџети

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ја користам приликата накратко да се потрудам да дадам одговори на некои прашања кои што беа тука поставени. Јас со цел респект кон залагањето на пратениците за подобрување на Законот да го донесеме во две фази, јас само ќе кажам дека со овој закон кој е предмет на расправа на денешново Собрание, не се дефинира дејноста, радиодифузната дејност за која што рековме дека е посебно значајна, туку ова претставува оснивачки акт на Јавно претпријатие кое врши таква дејност.

Сите прашања, посебно прашањето со посебна тежина сите вакви прашања кои беа наведени како посебни прашања, со посебен интерес сите се дефинирани во системскиот закон кој е основа за донесување на тој закон. Тоа е Законот за радиодифузија каде што се дефинирани сите тие активности.

Од таа причина сметаме дека со Законот за основање на Јавно претпријатие МРТВ не ја ограничуваме во делот на дејноста во делот на тоа што претставува посебно значајна област како што тука беше образложено.

Од тие причини сметаме дека Законот навистина претставува посебно значајна област како што тука беше образложено. Од тие причини сметаме дека навистина Законот претставува значаен акт меѓутоа, Законот е доста јасен, да не речам и краток, меѓутоа, и доста содржаен кој во себе ги содржи сите елементи кои треба да ги има еден основачки акт како што е случајот со овој Закон.

Овде беше спомнат делот за водење сметка за обезбедување на јавниот интерес на граѓанинот од ова претпријатие кое претставува јавен сервис. Самиот чин, самиот факт што основач на ова Јавно претпријатие е токму овој дом, токму ова тело и сите права околу избор на раководните органи во тоа Јавно претпријатие преку вас пратениците сигурно претставува најдобар израз и пренос на јавниот интерес на секој граѓанин, односно на секој гласач во државата.

Од тие причини, сметаме дека тоа што го слушнавме пред малку од пратеникот Коцевски во однос на најразличните искуства во според-бените и компаративните решенија во одделни држави се покажа дека

токму во тој дел сме во право, затоа што го даваме основачкото право на ова Јавно претпријатие, што сметаме дека е од посебно значење од јавниот интерес за обезбедување јавна услуга односно јавен сервис на граѓаните кои се истовремено исплатувачи на сметки за користење на тој сервис.

Од овие причини, а и од причина што веќе Владата презема многу активности во делот на распишување оглас за доделување на концепциите не само во централно државно ниво, туку и на локално ниво, условно речено, сме ограничени со временскиот фактор. Но за секој респект е предлогот за подобрување на текстот на Законот. Меѓутоа, треба да имаме предвид дека ние токму сега се наоѓаме во еден период кога веќе е објавен Огласот за доделување фреквенции на државно ниво. Со овој Закон меѓу другото ќе ги дефинираме и фреквенциите, односно фреквентните мрежи кои му припаѓаат на ова јавно претпријатие и со ова значи ја дефинираме можноста за слободните фреквенции, што можеме да ги реализираме по пат на тендерот. Тоа значи секое одложување на овој Закон ќе биде неизвесност за Владата, кој е тој број на фреквенции што треба да го даде на останатите трговски друштва кои вршат таква дејност на централно, односно државно ниво.

Како што знаете, бидејќи со овие активности веќе сме отишле доста далеку, треба и ги молам пратениците да се залагаат навистина Законот да биде донесен во скратена постапка односно во една фаза како што го предлагаме.

Инаку, овде се постави прашањето директно околу статусот на предавателите и врските во дел на мрежата на предаватели и врски во државата. Дали тоа значи дека со овој Закон се дефинира

дека сета мрежа на предаватели и врски припаѓа на државата и која ќе стопанисува со нив. Посочувам дека одговорот ќе го најдат во следната точка, односно следниот закон за Македонската радиодифузија, каде што е дефинирана надлежноста на предавателната мрежа во државата.

Имаше доста дилеми околу организациската поставеност на Јавното претпријатие во делот на тоа дека постои доста издвоеност меѓу двете програмски целини која значи Македонско радио и Македонска телевизија. Ние сметаме дека токму тоа претставува една целосна целина во организационата шема на ова Јавно претпријатие од причина што нив ги обединува еден ист орган. Друго е што се програмските тела на едното и на другото, а како техничко технолошка цели претставуваат целини во себе, а нормално преку органите на управување и преку органите на раководење тие се една единствена целина, односно целото Јавно претпријатие претставува целина.

Околу многу суштински прашања во однос на надлежностите на органите кој кого треба да избере, само да укажам дека во Законот е задржана основната определба односно усогласеноста на овој Закон со системскиот закон,а тоа значи Законот за јавни претпријатија кој го донесе ова Собрание минатата година, а ниту може со овој Закон да излеземе надвор од рамките системски дефинирани со тој системски закон.

Тука беше спомнато и минимизирањето односно улогата на Советот за радиодифузија, која ние сметаме дека апсолутно не е област за решавање, односно надлежност за решавање на овој закон. Точно се дефинирани надлежностите на тоа независно собраниско тело

односно на Советот за радиодифузија во соодветниот закон за радиодифузната дејност. Децидно таму се наборени надлежностите на тоа тело и тука не треба да се преплетуваат надлежностите на тоа тело. точно овде е лоцирана и дефинирана надлежноста на Собранието како основач на ова Јавно претпријатие во сите права што ги има кон ова претпријатие.

Околу програмските совети и решението во Законот што го предлагаме нив ги избира Управниот одбор по предлог на ген. директор, а имајќи предвид дека генералниот директор се избира токму од основачот односно Собранието претпоставуваме дека преку тоа може да се врши директно контрола за да не дојде до евентуална злоупотреба на одредени цели.

Исто така, тука беше спомната и позицијата односно состојбата на локалните радиостаници кои се предмет на решение на преодните одредби на овој закон. Би сакал да укажам дека токму нашето залагање, односно на предлагачот имаше цел пред се да и остави на локалната самоуправа основно право за да може таа да ги задржи понатаму основачките права над локалните радио станици во државата. Меѓутоа, таму се предвидени и можностите, доколку не може да дојде до целосно усогласување на некогашниот основач на тие локални радио станици со сите општини кои произлегувале од општината која била предмет на поранешната територијална поделба согласно Законот за територијална поделба.

Околу статусот беше забележано дефинирањето на статусот на учеството и влијанието на политичките партии во предизборните кампањи, но не само во предизборните кампањи, туку и надвор од таа област. Исто така, тоа е точно и децидно дефинирано во член 44

од Законот за радиодифузија, што реков дека претставува системски закон за донесување на овој закон.

Од овие причини навистина ве молам да се задржиме на инси-стирањето на предлагачот законот да го донесеме во една фаза од причини што веќе имаме започнати активности кои на некој начин се поврзани и со донесување на овие закони, кои денес се пред вас

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Аце Коцевски, реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Мене ми е јасно зошто му се брза на Министерството и Владата на РМ. Тоа е од причина што веќе е распишан оглас за кон- цесиите за комерцијалните радио телевизиски станици во РМ, а во услови на недонесен закон за Македонската радио телевизија, се разбира дека тоа е не логично. Меѓутоа, кога еднаш конечно ќе се постават работите така како што треба.Дали некој во оваа држава еднаш ќе одговара за некое доцнење. Зошто чекаше досега Владата, односно Министерството за сообраќај и врски со изгонувањето на овој закон, за да сега мораме да одиме со скратени рокови затоа што е распишан конкурс за делење на концепции. Тоа е првото прашање. Од тоа произлегува и хендихепот што исто така не се прифати тогаш нашиот став паралелно со расправата и донесувањето на законот за радиодифузна дејност да се носи законот за Македонската радио-телевизија. Веројатно тогаш многу работи ќе беа подобро координирани и избалансирани и немаше да се случи тоа што сега се случува.

XI/9.-

Во врска со другите коментари кои ги изнесе министерот би сакал да го кажам следново. Самиот западна во контрадикција велејќи дека овој закон, омаловажувајќи го овој закон претставувајќи го како основачки акт за Македонската радио телевизија и велејќи дека со овој закон не се регулира дејноста на Македонската радио -телевизија, туку дека тоа е направено со Законот за радио- дифузната дејност. Ноторна невистина од следните причини:

Прво, основачки акт за Македонската радио телевизија е донесен многу одамна и Македонската радио телевизија е јавно радиодифузно претпријатие или сервис или установа многу одамна. Не знам точно кога е формирана, но значи не можеме од денес со овој закон да ја формираме и да го третираме овој Закон дека е основачки акт.

Второ, министерот заборава дека во Законот кој тој го брани цела една глава е посветена на дејноста на Македонската радиотелевизија. Страна 4 на Законот, глава II вели "Дејност на Македонската радио телевизија". Контрадикција невидена, како може да се вели дека овој Закон не ја одредува дејноста на Македонската радио телевизија кога има четири членови што токму затоа зборуваат, затоа што Законот за радиодифузна дејност само начелно ги поставува тие работи во следните членови: членот 31 и членот 33, меѓутоа, тука Законот ги одредува обврските на радиодифузните организации, значи на сите радиодифузни организации, не само на Јавното радиодифузно претпријатие, туку и на комерцијалните радиодифузни претпријатија и во таа смисла дека не е вред да се даваат такви толкува

XI/10.-

Исто така, би го поставил прашањето зошто денес ние немаме овде како пратеници мислење односно добивме едно мало обраќање од Советот за радиодифузија, веројатно после мојот разговор со претседателот на Советот за радиодифузија, затоа што според член 22 впрочем Советот е и за тоа формиран да дава мислење за предлози за развој и унапредување на радиодифузната дејност. Подобра прилика од ова, Советот за радиодифузија на Собранието да му даде свое мислење нема.

XII/1 сп/вс

**АЦЕ КОЦЕВСКИ** (продолжение)

Тоа мислење го добивме дури денеска веројатно многу задоцнето и не верувам дека некој барал такво мислење од Советот за радиодифузија и тие се вклучија многу доцна а од МРТВ воопшто не е добиено никакво мислење иако се работи за јавна установа и за донесување на закон кој директно се меша односно ги одредува надлежностите, функциите, делбите во МРТВ, меѓутоа, тоа воопшто не ме чуди затоа што ние како пратеници во текот на минатата, ете и оваа година навлегува длабоко сеуште не сме добиле извештај за работата на МРТВ за 1996 година, што е исто така хендикеп за ова Собрание.

Околу самиот концепт на управни и раководни органи мислам дека не сме се разбрале, јас правам разлика помеѓу управување и раководење од една страна и од друга страна создавање на еден совет како едно пошироко тело затоа што, ќе повторам, Собранието не е доволен орган кој ќе ја изрази јавната контрола на граѓаните на Република Македонија затоа што во Собранието секогаш може да се направи мнозинство кое ќе избере ваков или таков управен одбор. Тука е задолжително присутна политичка инфилтрација додека кога би се формирал тој на поинакви основи со вклучување на луѓе од институции кои нема да бидат под партиско влијание се добива поширока контрола јавна на граѓаните на Република Македонија.

На крајот би сакаl да го прокоментирам одделниот - други органи, затоа што законодавецот односно предлагачот вели органи на управување и раководење, па понатаму вели други органи на МРТВ се: незнам кои се тие други органи, што се подразбира под тие органи, една голема контрадикторност и во врска со постоењето на третиот канап на МРТВ колку што ми е познато третиот канал беше граден со заедничко финансирање на Македонската радио-телевизија и локалните општини во Македонија со цел тој понатаму да прерасне во регионална мрежа односно да бидат регионални канапи. Меѓутоа, со овој закон не е јасна

судбината на третиот канал кој покрива некаде околу 55% од територијата или населението во Република Макеоднија и без согласност на единците на локалната самоуправа кои се јавиле како софинансиери на неговата изградба, не знам дали можеме со ваков закон да ја решаваме судбината.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Има збор г-динот Кадриу

**ЗЕЌИР КАДРИУ**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господине министре, почитувани претставници на Владата излегов на говорница без да навлегува во суштината на законот да кажам неколку збора и едновремено да ја искористам приликата да кажам неколку реченици во врска со досегашната работа на ова претпријатие без оглед што се предложи како што се наведува во самиот предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие Македонска радио-телевизија со Предлог закон.

Најпрвин се извинувам што секогаш треба ние во некои случаеви да интервенираме и да кажеме дека навистина од лингвистички аспект треба да се корегираат некои работи. По мое убедување ако се работи за едно претпријатие од јавен интерес, веројатно јавниот интерес по мое убедување, е поопширен поим и тој поим треба да ги опфаќа сите граѓани што живеат во Република Македонија а уште еднаш тврдам дека по мое лично убедување треба да биде овој закон формулиран вака - Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие на радио-телевизија на Македонија.

Би сакал уште еднаш, ако не сум во право, од страна на претставниците и од страна на министерот па и од страна на другите што се присутни да ми објаснат ако не е така, ако не е граматички или синтактички не е во ред, тогаш би сакал, бидејќи толку можам да разберам некои работи да ми се објаснат подобро. Значи како прво да се објасни дека се работи за јавен интерес на сите граѓани што живеат во Република Македонија.

XII/3

Друга работа исто така без да навлегувам во суштината на законот и содржината сакам да укажам дека МРТВ колку што знам има голем број вработени, а од тие вработени голем број не се со дефиниран статус, сум слушнал од одредени луѓе кои работат во таа организација дека го немаат решено својот статус. Од друга страна сите сме запознаени дека ова претпријатие до сега има 3 канали, од тие 3 канали два ги исполнуваат сите тие програми исклучиво само на македонски јазик а втората програма има одредени термини за националностите, апбанската, турската, ромската и другите националности кои живеат во Република Македонија.

За да бидеме коректни пред граѓаните ако од овој аспект сите учествуваме еднакво треба и пред законот да бидеме еднакви. За да бидеме еднакви треба сите таа сума што е определена со тој закон што го донесовме тука да биде еднаква за сите граѓани и мислам дека е, но имам забелешки, а сум сакал да поставам пратеничко прашање но долго време се провлекува таа седница каде требаше да поставуваме прашања, во одредени реони на пример во реонот од каде доаѓам ниту е проширена мрежата каде би можеле граѓаните да ги гледаат програмите исклучиво тие термини каде ќе се најдат самите себе и ќе гледаат на пр. програма на албански, конкретно зборот ми е за националностите.

Во овој поглед би сакал на министерот да му укажам неколку работи бидејќи се инсистира овој закон да се донесе по итна постапка јас мислам дека не е толку битно да се донесе по кратка постапка и мислам дека законот треба да помине така како што треба во тие фази како што ги носевме и другите закони во две или повеќе фази а еден од најважните закони е овој и не само да се исцрпат некои работи туку да се укаже на слабостите што ги има овој закон и да се има простор ние како пртеници, па и другите да дадеме мислење понатаму овој закон да биде како што треба и да ги исполнува сите тие стандарди со меѓународните норми што се предвидени. Не би сакал да ги споредувам и кажам тоа што претходните дискутанти кажаа како ја имаат оваа проблематика другите државни на пр. развиените, а ние инсистираме да бидеме во тој ранг, но уште еднаш би сакал да го замолам министерот и другите што се присутни тука да се согласиме законот да биде донесен во две фази каде би можеле по децидно да ги искажеме нашите мислења, законот да биде по комплетен за да биде сервис и да им служи на сите граѓани што живеат во Република Македонија.

Да ја искористам приликата и да укажам дека во сегашното претпријатие МРТВ веројатно сите сме забележале дека има многу слабости, но да не ја злоупотребам говорницата ако тргнам кон тоа, а веројатно сите знаеме дека во ова претпријатие до сега голем број на граѓани конкретно зборувам за албанската националност се со еден симболичен број присутни, а тоа значи дека одредениот термин е многу краток а одамна се зборуваше дека ќе се прошири таа програма, но до ден денеска остана само на тие 3 часа, што мислам дека е малку и би требало кон ова прашање по сериозно да се осврнеме и програмата да се прошири и да им служи на граѓаните, бидејќи мислам дека е времето сега оти во Република Македонија за среќа или несреќа имаме 3 програми и тие секогаш треба да бидат во служба на граѓаните и сите граѓани подеднакво да гледаат на тие интереси.

Веројатно проблемот нема да се реши само со овој закон, бидејќи колку го слушнав министерот тој рече дека се работи само за основање на ова претпријатие но зборот ми беше ние како пртеници и како пратеничка група сме на мислење овој Предлог закон како таков да не оди по итна постапка, туку да се донесе во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**

Господине претседателе, почитуван министре, претставници на Владата, колеги пратеници.

Сакам кратко по три работи да се произнесам во врска со законот.

Првата работа е онаа за која еден дел од пратениците се залагаат, а и министерот на два пати на тоа инсистираше колку е заштитен јавниот интерес во ова значајно јавно претпријатие со самиот закон?

XII/5

Мислам дека можат да се земат разни мерила за проценување на таа заштита на јавниот интерес и министерот има право кога инсистира да каже дека највисок јавен интерес, ако тоа го одразуваме, сме ние тука. Сите можно други облици што би се обиделе да најдеме за да бидат одраз на јавниот интерес мислам дека не би бил вистински демократски одраз на јавниот интерес, бидејќи не произлегува непосредно од волјата на граѓаните. Сега, како тука ќе се артикулира или реализира јавниот интерес на конкретен начин зависи од силите во самото Собрание. Тука, ни законот ни министерот може да помогне конкретно, тоа ќе зависи во секоја ситуација како ќе биде составено Собранието и на каков начин ќе ги одразува интересите во целина.

Затоа, не би имал големи забелешки во смисла на тоа како е поставена организацијата на РТВ со оглед да сите три главни органи се бираат од Собранието. И Управниот одбор и генералниот директор и контролната како се вика комисија која е задолжена за таа цел. Мислам дека нешто друго би требало да се постави со други норми и задачи на самото програмирање на работата на Собранието да се гради друг однос и критериум за однос на Собранието кон јавните претпријатија. Јас сум толку исклучив на овој начин партиската политика да се отстрани од јавните претпријатија по можност, дури би создал законска норма јавите претпријатија да се одвоени од државата. Меѓутоа, бидејќи тоа не е можно оти се прво сопственост на државата, а на еден начин државата е најорганизиран облик на заедницата па според тоа е невозножно, државата треба да се постави така за да влијанието сепаратно биде што повеќе отстрането од претпријатија кои се од општ јавен интерес. Тоа е суштината на нештата, а тоа зависи од нас како ќе се градиме и како Собрание и како правен систем, а да не кажам и како политичка култура воопшто.

Затоа мислам и ги прифаќам оценките на министерот и мислам дека нема да претерам ако кажам дека, а за тоа имам и причина затоа што мислам дека г-динот Абдулменаф Беџети е еден од покомпетентните министри, одговорен министер и мислам дека се обидел работата да ја обавува во интерес на сите.

XII/6

Втора работа која сакав да ја подвлечам е врзана со една наша појмовна, терминолошка а можеби и политичка збрка. Тоа ќе го докажам со два примера кои на некој начин значат дигресила од ова.

Од вчерашната моја дискусија за јазикот ми се јавија двајца луѓе едниот е македонец и рече дали со тоа што сум рекол дека македонскиот јазик навистина е загрозен сум сакал да кажам дека јазикот е несигурен што, се разбира, никогаш не ми било во мисла, напротив му реков по име и презиме која држава како загрозува итн. Другиот се јави албанец па вели дали со таа изјава сум сакал да кажам дека албанците го загрозуваат македонскиот јазик. Бидејќи тогаш не спомнав држави и влади и науки и институции и нему му објаснив, па се извинив, се разбира и го затвори телефонот. Но, сакам да кажам кога влегуваме во некои категории кои се чувствителни, но поимновно се многу широки и се дел на културата на луѓето ние сега овде мораме да водиме сметка за оние што не се упатени, кои немаат елементарна политичка култура и мислам и тоа е политика и за тоа треба да се води сметка и некогаш самиот себе се ценам дека некои работи пошироко да се објаснат претпоставувајќи дека има гледачи и читатели кои поимновно тие работи не ги совладале.

Зошто ми беше овој пред екст? Еве зошто. И јас цели триесет а не само овие четири години, цели триесет години се залагам по можност терминот по- имањето "македонски" да се замени со "на Македонија". Од формирањето на Академијата на науките, тоа го подвлекувам, наместо македонска да биде на Македонија. Јас сум се залагал, се извинувам, јас реков не други. Зошто? Ако последично ги гледам работите не мора да биде тоа заради името, но тврдам дека некоја од причините во тоа поимање е тоа што до ден денеска нема ни еден албанец академик. Можеби од тоа погрешно сваќање на самото поимање.

Сега да зборувам за поимањето. Во светската наука не е непознато да се каже национапно-француско право, национално-француско законодавство па и национална Француска телевизија. Меѓутоа, има едно друго поимање во пошироката јавност во Франција за тоа што е француско. Француско во државно-правна смисла се сваќаат во таа држава. Значи државјани на Франција се француска нација, а на Балканот ние сме уште далеку од тоа

само не државно-правната страна, ние само етничката страна на поимот народ и нација уште го имаме восприменo, разбрано и да кажеме соживеано со тоа. Друго соживување со овој поим ние немаме. Затоа стално се буниме. Бидејќи тоа е сега реално, да зборувам и јас како што ми кажаа по телефон не како што ти ги сфаќаш работите, туку мора да зборуваш и како јас ги сфаќам работите се додека тоа ни стои како реалност, ние мораме да тргнеме од таа реалност, затоа што бараме интеграција на сите луѓе во системот, а тоа значи во сите институции. Тоа значи и во радио-телевизијата. Сега, јас не барам од министерот, бидејќи е поминато низ фази, бидејќи е врзано и за Законот за радиодифуција кој е веќе донесен. и низа други закони.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (продолжение)

Јас се залагам за следното: земјата мора да работи паралелно на две работи. Прво, да се избегне каде што може ова што луѓето го сфаќаат дека еден дел од населението го исклучува, бидејќи нагласува дека е само македонско, а така тие го сфаќаат. Тоа да се отстрани заради целта да се интегрира, а друго да се работи на ширење на културата за поимањето на државно-правниот поим народ и нација, во смисла дека сите граѓани на Македонија се тогаш под поимот македонско, можат ако се создаде таа култура, ако се создаде и тоа чувство, а без да се создаде такво чувство, мислам дека се врши насилство и со насилство само ги одбиваме, а не ги придобиваме Во таа смисла сакав и во врска со овој закон да се размислува за натамошна правна регулатива со измени и дополнувања и на другите закони а и на овој да се надминат овие проблеми кои што навистина за земјата претставуваат одредено оптоварување за луѓето. А јас сак< да се борам и се залагам гледате цело време што е можно повеќе да ги растовариме луѓето од тие баласти кои што не тиштат.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, се работи за формирање на јавно претпријатие за радио дифузијата. Би сакал да кажам нешто околу програмата на ромски јазик што се емитува на Македонската радио телевизија. На втората програма на македонската телевизија се емитува програма на националностите, бидејќи ние ромите сме застапени седмично, за седум дена два пати по 30 минути. На втората програма од другите националности застапени се по шест часа, четири и по три часа. Би предложил на националната телевизија ромите да бидат секојдневно застапени макар по половина час, или по еден час, тоа треба да се земе во предвид,

затоа што и ромите исто плаќаат како секој што плаќа за таа македонска телевизија. Јас прв станав тука и предложив за плаќањето макар што јас имав од моите роми секаде, затоа што јас предложив на 2,5%, тоа се прифати, но ние сме застапени само со еден час неделно. Значи, на секој трети ден по 30 минути. Мислам дека тоа треба да се земе во предвид, затоа што имаме приватни две радио станици и телевизии во градот Скопје, тие се малку гледани, не се со голема опфатност. Македонската телевизија на втората програма мислам на националностите ромите би требало да бидеме застапени макар еден час, или 30 минути во денот за да се знае дека и ние постоиме, затоа што во Македонија, нормално го имаме и ние правото како секоја националност што го има своето право и ние треба да го имаме тоа по медиумите. Се согласувам со сето тоа што е предложено за донесување на закон за основаше на јавно претпријатие.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, начелно не се согласувам со тоа дека предлогот за донесување на закон за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија со Предлог закон дека не е сложен, дека не е обемен, да, се сложувам со тоа дека не е обемен, а дека не е сложен, не би рекол дека не е сложен. И затоа предлагам и сум на мислење законот да не оди по скратена постапка туку да оди во две фази. Овој законодавен дом продолжува со донесувањето на серија национални закони, да не кажам и националистички закони. Овој закон за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија можам да го дефинирам како закон што содржи се, но и ништо, односно нешто. Се разбира за еден дел на граѓаните за македонците содржи се, а ништо за другиот дел на граѓаните. Се

поставува прашањето, дали овој закон е во духот на слободното пазарно стопанство. Не е во духот на слободното пазарно стопанство. Зошто? Не е, затоа што на албанците па и на другите националности им нуди многу скратена, многу малку програма. На албански јазик, два часа односно три. Тоа не го сметам, тоа е преведена програма, значи два часа неделно. И граѓаните, односно албанците со право поставуваат прашаше, односно сакаат и реагираат и бараат да плаќаат толку колку што им се нуди. Два часа им се нуди програма, тогаш да плаќаат толку колку им се нуди. Ако се нуди за некоја група на граѓани 50 или 60 или 70 часа програма, тогаш сигурно тие треба да плаќаат за својата програма толку колку што добиваат програма. Друго каде е јавниот општ интерес на граѓаните по овој закон? Каков е статусот на редакцијата на албански јазик, колку е бројот на вработените во таканаречената редакција на албански јазик, затоа што јас имам и список на тие луѓе што работат таму. Да не зборувам сега за квалификационата структура, за стручноста на тие граѓани, тоа е друго прашање. Меѓтоа, тука имам список на тие луѓе што работат, има 20-тина, 30-тина луѓе што работат во таа програма. Значи ова е едно друго прашање.

Од друга страна значи граѓаните учествуваат подеднакво, плаќаат такса за македонската радио телевизија. Во некои случаи како им се враќа тоа што тие учествуваат во финансирањето на македонската радио телевизија. Јас можам да кажам незадоволен од некои емисии на Македонската радио телевизија, незадоволен од тоа би рекол дека тоа значи она финансирањето, плаќањето во јавноста ни се враќа како бумеранг. Ни се враќа како бумеранг затоа што финансиски значи ја помагаме, меѓутоа имаме прилика да гледаме и емисии каде што се шири омразата кон албанците, дури често пати се поттикнуваат и

најнегативните страсти кај другите граѓани на Македонија. Да не зборувам за цензурата која што е едно посебно прашање, посебен проблем, дури имињата на пратениците албанци, а посебно на ДПА дури не се спомнуваат, па дури тогаш кога зборуваат цел час пред овој Парламент пред ова Собрание дури не се спомнуваат имињата на пратениците. После затоа и ние се прашуваме што финансираме? И ќе се прашуваме за ова. Ние и порано сме барале и пак бараме да има еден телевизиски канал при македонската телевизија на албанаки јази Овде во предлогот на законот на стр.14 пишува за јавниот интерес, дека јавниот интерес во оваа дејност произлегува од уставната опре-делба на грижата на државата во поглед на создавање и емитувањето на радиодифузни програми од национален стратешки карактер на држава Ова пред се поради тоа што овој вид на информирање задира во оства-рувањето на со Устав загарантирани права и слободи на човекот и граѓанинот. Јас ќе го повторам она што и вчера го реков дека навистина ние граѓанинот овде го сметаме како некоја апстрактна категорија. Граѓанинот не може да биде, или пак го идентификуваме граѓанинот со македонец. Ние треба да правиме дистинкција. Ова да го разликуваме што е граѓанин албанец, што е ром, што е турчин, што е влав што е србин, што е македонец. А, не можеме ние да кажеме граѓанинот македонски граѓанин, а мислиме на граѓанинот македонец. Граѓанинот во Македонија тој е конкретна личност, индивидуа. Реков и вчера и денеска ќе повторам, што има своја култура, што има свој јазик, што има свој идентитет, што има своја историја, своја литература итн. И не можеме ние под овој поим мислиме сосема нешто друго. Кога зборуваме за таа редакција на албански јазик при МРТ треба да потенцирам дека таму ги немаме најосновните услови за работа.

на таа редакција. Таму немаат никакви екипи, немаш екипа за снимање на материјали, монтажери, немаш дописници, нема стручен кадар, никако не може да се проширува, туку напротив луѓето бегаат затоа што нема услови во таа редакција , и тие што се постручни бегаат од таа редакција. Да ги наведам јас не сум стручњак, па да ги наведам сите тие потреби и структури што треба да имаат една комплетна редакција за емитување на одредена програма за дотичната култура и јазик. Ако см свесни за тоа дека секоја национална етничка група има свои духовни потреби, а исто така и албанците имаат своја духовна потреба за емитување на програма на свој мајчин јазик, претпоставувам колку емисијата два часа неделно колку може да ги задоволува духовните потреби на таа националност по официјалните податоци 500 илјади жители албанци, да не ја кажам онаа неофицијалната бројка, нека биде толку. Мислам дека не ги исполнуваат минималните услови и најминималните потреби, духовните потреби на албанците во РМ. Јас би бил многу среќен не само јас, туку верувам дека и колегите, моите колеги мислат така да албанците да немаат воопшто претставник во овој законодавен дом кога би биле сите пратеници присутни во оваа сала навистина објективно да ги согледуваат потребите, духовните, материјалните и другите потреби на своите граѓани во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ќе продолжиме со работа во вторник во 11 часот.

(седницата прекина во 17 часот).